# Македонски глас

Godina XVII 2009.
СЕПТЕМВРИ – ОКТОМВРИ
RUJAN – LISTOPAD
ЦЕНА 5 кн

ISSN 1333-7769

БРОЈ
61





# KOD PREHLADE I GRIPE

# CAFFETIN COLD

**Djeluje bez pogovora, brzo i efikasno!**




- SADRŽAVA VITAMIN C
- SMANJUJE BOL
- SNIŽAVA POVIŠENU TJELESNU TEMPERATURU
- SMANJUJE ZAČEPLJENOST NOSA
- SPREČAVA NADRAŽAJNI KAŠALJ

**caffetin COLD®**

ALKALOID

Za obavijesti o indikacijama, mjerama opreza i nuspojavama upitajte svog liječnika ili ljekarnika

**GLASILO ZAJEDNICE MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ**

**СПИСАНИЕ НА ЗАЕДНИЦАТА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА**

**Главна и одговорна уредничка:**
МАРИНА АПОСТОЛОВСКА-ВУЈАКЛИЈА

**Заменик на главната и одговорна уредничка:**
ЕЛИЗАБЕТА ПЕТРОВСКА

**Уредништво:**
Компјутерска обработка: Владо Чакмак
Лектура: Марија Георгиева-Петриќ
Секретар и коректор: Елизабета Петровска

**Редакциски одбор:**
Огнен Бојаџиски
Јагода Цветичанин
Горан Калоѓера

**Редакција:**
Елизабета Петровска - Загреб
Јулијана Младеновска Тешија - Осиек
Ратко Димовски - Пула
Владо Настески - Риека
Еми Лонгин - Задар
Милена Георгиевска - Сплит

Ovo se glasilo tiska sredstvima iz Državnog proračuna RH posredstvom Savjeta za nacionalne manjine pri Vladi RH.

Nakladnik: Zajednica Makedonaca u Republici Hrvatskoj,
Zagreb, Masarykova 16/1
Matični broj: 3805760
OIB: 07739533563
Žiro račun: 2340009-1100038804

Tel./Фах: (01) 48 72 655
web: www.zmurh.hr
e-mail: info@zmurh.hr

За издавачот: Ангел Митревски
Печат: М-Принт д.о.о. Загреб

На насловната страница:
Матка, Република Македонија
Автор: Елизабета Петровска

---

Temeljem odredaba čl. 58. st. 3. Zakona o javnom informiranju RH (N.N. br. 22/1992) novine su prijavljene i registrirane pod br. 421 u Ministarstvu kulture i prosvjete, Sektor informiranja, dana 14.7.1993

Prema mišljenju Ministarstva kulture i prosvjete Republike Hrvatske broj 532-03-1-7-94-01 od 10. svibnja 1994. ova tiskovina je oslobođena plaćanja poreza na promet.

**ЗАБЕЛЕШКА: Коментарите објавени на страниците на ова списание со потписи на авторите се мислења на истите и не секогаш го одразуваат мислењето на Уредништвото. Уредништвото е одговорно само за текстовите без потпис. Материјалите испратени на нашата адреса стануваат сопственост на списанието, освен ако за тоа претходно е постигната поинаква согласност.**

**Збор на уредничката**
**Riječ urednice**



## ОДИМЕ ВО ЕВРОПА БЕЗ ВИЗИ

Од 19 декември годнава во Европа одиме без визи. Тоа го одлучи Европскиот парламент кој на Македонија, Србија и Црна Гора им даде визна либерализација за нивно патување во 25 европски земји. Без визи не ќе може да се оди во Швајцарија, Исланд и Норвешка, членки на ЕУ, но се дел од Шенген просторот. Визи нема да бидат потребни ниту за патувања во Бугарија и Романија, кои сѐ уште не ги исполниле условите за влез во Шенгенот, но ги спроведуваат одлуките на ЕУ. И Лихтенштајн ќе биде достапен без визи, откако овој град – држава која не е членка на Унијата, се изјасни за приклучување кон Шенген договорот, но сѐ уште не ги исполнила условите за тоа.

Ние, Македонците што живееме и работиме во Р. Хрватска, одамна сме ги исполниле условите за Европа. За тоа сведочат активностите на членовите на Заедницата на Македонците во РХ, за кои ќе можете да прочитате на страниците на овој 61. број на “Македонски глас”. Убаво е кога можеме да се гордееме со досегашните достигнувања на македонските културни друштва од Осиек, Сплит, Задар, Пула, Риека и Загреб. “Македонски глас” како проследувач на тие успеси, се надева дека и во иднина ќе објавува уште многу, многу настани и манифестации на Македонците во Хрватска.

Марина Апостоловска – Вујаклија

---

## ИЗВИНУВАЊЕ

Во минатот број на “Македонски глас” (бр. 60) се поткраде ненамерна грешка во текстот “Македонски јазик се учи и на Шолта”. Имено, во текстот пишуваше дека двајцата еминентни јазичари од Македонија, проф. д-р Марјан Бојаџиев, ректор на Универзитетот Американски колеџ во Скопје и поранешниот македонски амбасадор во Белград, проф. Славко Милосавлевски, биле присутни на македонското училиште на Шолта. Меѓутоа, тие за “Македонски глас” само ги искажале своите импресии околу оваа значајна манифестација на Заедницата на Македонците во Р. Хрватска, а не присуствувале на настанот.

Поради тоа, Уредништвото на нашето списание се извинува на проф. д-р Бојаџиев и проф. Милосавлевски, како и на авторот на текстот, Милена Георгиевска.

## Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Р. Македонија
# ХРВАТСКА И МАКЕДОНИЈА ИМААТ ИСТОРИСКИ КОНТИНУИТЕТ

***При официјалната посета на Р. Хрватска, Вељаноски даде ексклузивно интервју за "Македонски глас"***



*Трајко Вељаноски пред бистата на К. Рацин*

**За првпат сте во официјална посета на Р. Хрватска. Какви се Вашите први впечатоци?**

Точно е дека како претседател на Собранието на РМ ова е моја прва официјална посета и сакам да потсетам дека во минатиот мандатен период како пратеник ја водев собраниската група за пријателство меѓу Р. Македонија и Р. Хрватска, па така и во минатото имавме средби и посети со колегите од Хрватскиот сабор. Инаку, многу ме радува фактот што Хрватска оди напред во остварувањето на нејзините евроатлантски определби. Како што истакнав на заедничката прес конференција со мојот уважен колега и пријател претседателот на Хравтскиот сабор, Лука Бебиќ, посебно ме радува постигнатиот договор меѓу Хрватска и Словенија со кој се деблокира процесот на преговорите на Хрватска со ЕУ. Овој договор не само што е во интерес на двете страни, туку има и пошироки импликации за целиот регион, бидејќи покажува дека со преговори може да се решаваат работите, но во исто време покажува дека евроинтегративните процеси денеска се неминовност која никој не може да ја спречи.

**Вие сте единствениот македонски државник кој положи цвеќе пред споменикот на Коста Рацин во Самобор. Зошто се одлучивте на овој величествен чин?**

Не знам дали сум единствениот македонски политичар кој положил цвеќе и ја посетил постојаната музејска поставка во Градскиот музеј во Самобор, но тоа не е ни важно. Важен е фактот дека јас како претседател на Собранието на РМ заедно со членовите на делегацијата со овој чин уште еднаш изразуваме почит до големиот македонски поет и антифашистички борец, кој, не само со своето перо, туку и со пушка се бореше за денешна Македонија. Во исто време и на овој начин уште еднаш изразуваме благодарност и, исто така, потсетуваме на историските и пријателските врски меѓу македонскиот и хрватскиот народ кои одат многу далеку во историјата.

**Во РХ сте на покана од Хрватскиот сабор. Какви се односите на Македонското собрание со овој висок државен орган на Хрватска и за што се договаравте за продолжување и на досегашната успешна соработка?**

Би сакал да истакнам дека вкупните билатерални односи меѓу Р. Македонија и Р. Хрватска се многу добри и одат по нагорна линија. Ова е битно како за двете држави, така и за регионот во целост. Во тие рамки парламентите имаат значајна улога, а оваа констатација ја споделивме и во разговорите со претседателот на Хрватскиот сабор, Лука Бебиќ. Таа соработка се остварува преку најразлични форми и на најразлични нивоа и опфаќа од редовни средби, на ниво на претседатели, па се до соработка меѓу разни парламентарни комисии. Притоа сакам да истакнам дека во таа соработка, покрај билатералната димензија, е присутна и мултилатерална, односно и двата законодавни дома имаат видливо место во она што денеска се вика парламентарна дипломатија. Имајќи предвид дека и двете држави имаат стратешка цел за интегрирање во ЕУ и дека и двете се држави кандидати (со тоа што Хрватска веќе ги започна преговорите, а Република Македонија по најновиот извештај и препораките од Европската комисија за датум за започнување на преговори), верувам дека сега таа соработка ќе биде концентрирана токму на овие процеси. Имено, верувам дека можеме во голема мера, како парламент, да ги користиме хрватските искуства токму во процесот на преговорите со Брисел.

**На функцијата претседател на Собранието на Македонија дојдовте како долгогодишен член на ВМРО-ДПМНЕ. Како денес на ова ниво ги оценувате активностите на оваа македонска партија?**

Знаете со мојот избор за претседател на Собранието на Р. Македонија, почитувајќи ги основните демократски принципи ги замрзнав сите мои партиски функции и активности во мојата матична партија ВМРО-ДПМНЕ. Партијата на изборите во 2008 година освои мнозинство, пред сè, врз програмата која им ја понудивме на граѓаните. Она што ме радува, пред сè, како граѓанин, но и како член на ВМРО-ДПМНЕ, е дека оваа програма ја реализираме во целост. Само да ве потсетам: од 1 јануари идната година за македонските граѓани се укинува Шенгенскиот визен режим, односно граѓаните на Р. Македонија по 18 години ќе можат без визи да патуваат во државите членки на ЕУ. Како што веќе спомнав од ЕК добивме препорака за добивање датум за започ-

нување на преговори со ЕУ и се надевам дека и на Министерскиот совет на ЕУ во декември годинава ќе биде потврден. Да потсетам дека ги исполнивме сите услови за прием во НАТО, но не влеговме поради веќе познатиот билатерален спор со нашиот јужен сосед. Неодамна во Собранието го ратификувавме Договорот за демаркација на границата со Косово, така што сме единствена држава од просторот на некогашна СФРЈ која го има уредено ова прашање со сите свои соседи. Понатаму и Македонија ги чувствува последиците од глобалната економска криза, но сепак Владата успева тие последици да ги сведе на минимум, односно да ги контролира, како на пример во сферата на стабилноста на денарот и така натаму. И уште нешто – најновите истражувања кои ги прави ИРИ покажуваат дека Владата, премиерот, а со тоа и ВМРО-ДПМНЕ, кај граѓаните уживаат голема поддршка од над 30%, што покажува дека понудената програма која се реализира граѓаните ја прифаќаат и ја поддржуваат.



*Македонските парламентарци во посета на Хрватска*

**На неодамнешните избори во Р. Грција победија социјалистите. Како, според Вас, тоа ќе се одрази на натамошните односи меѓу Македонија и земјата која не сака да го признае името на нашата држава?**

Победата на ПАСОК во соседна Грција е израз на волјата на граѓаните на Грција и ние како нивен сосед ја почитуваме и ја поздравуваме. Нашиот спор со Грција околу нашето уставно име, кој во суштина е апсурден, нема идеолошки предзнак. Сепак очекуваме новата грчка Влада сега тие преговори што се водат под плаштот на ОН да пристапи интензивно, конструктивно и во духот на добрососедските односи и стабилноста на регионот и пошироко.

**Во дипломатските кулоари се шепоти дека новото име е веќе одлучено. Дали имате некои информации околу тоа?**

Што шепотат дипломатите во своите кругови не се коментира. Сакам и сега, уште еднаш, да истакнам дека Владата на Република Македонија е подготвена преговорите со Грција да ги продолжи секако под покровителство на ОН и господинот Нимиц. Во тие преговори ние сме подготвени и за компромис, но тој компромис има своја граница, а таа црвена линија е македонскиот национален, културен и јазичен идентитет. Ниту оваа Влада ниту која било друга нема мандат оваа граница да ја помине, бидејќи тоа би значело да се откажете од идеалите на сите оние кои се бореле и ги дале своите животи за Македонија, а во истовреме да се откажете и од иднината на идните генерации.

**Правник и адвокат по професија. Колку тоа Ви помага во извршувањето на Вашата функција – претседател на Собранието на Р. Македонија?**

Во својата професионална кариера добро ги запознав сите три гранки на власта. Како што велите, бев адвокат, да потсетам бев и заменик министер за правда, а во минатиот состав на Собранието бев пратеник. Сето ова навистина ми помага во извршувањето на функцијата претседател на Собранието на Република Македонија. И повторно да се вратам на извештајот на ЕК за напредокот на Република Македонија. Во него многу децидно е истакната позитивната улога на Собранието во остварувањето на неговата уставна улога, но во една демократска атмосфера и почитување на принципите на парламентаризмот. Јас, како претседател, сум одговорен за ова, но без активна и целосна поддршка на сите 120 пратеници и на координаторите на пратеничките групи ова сам не би можел да го направам. Затоа изразувам благодарност до сите мои колеги пратеници.

**И сега нешто приватно: оженет сте и татко на две деца. Кои се Вашите активности кога ќе се вратите дома?**

Знаете, функцијата претседател на Собранието одзема многу време, па моето слободно време и домашните активности сега се сведени на минимум. Сепак, се обидувам, кога имам време, тоа да го поминам со моето семејство и пријателите. Порано играв редовно фудбал, знаете аматерски, ама за жал сега за ова немам време.

Марина Апостоловска – Вујаклија

## СРЕДБА СО ТРАЈКО ВЕЉАНОСКИ ВО ЗАГРЕБ



**Загреб**: На покана на претседателот на Хрватскиот сабор, Лука Бебиќ, делегација на македонското Собрание предводена од претседателот Трајко Вељаноски, а во чиј состав беа и Благородна Дулиќ, претседателка на пратеничката група на македонското Собрание за соработка со Парламентот на Република Хрватска, и пратениците Томе Чинговски и Вулнет Амети, членови на комисијата, на 8 и 9 октомври 2009 година престојуваше во дводневна официјална посета на Република Хрватска. За време на посетата, на 8 октомври, во хотелот "Вестин" во Загреб, во организација на Амбасадата на РМ во РХ, се одржа средба на делегацијата со претставниците на здруженијата на македонското национално малцинство во Република Хрватска.

Во динамичниот разговор што се водеше, Вељаноски ги информираше присутните за моменталната состојба во Македонија, за мерките што се преземаат за справување со глобалната економска криза, изборното законодавство и напорите за што поскоро влегување на Македонија во ЕУ како полноправна членка. Тој изрази надеж дека претстојниот извештај на Европската комисија ќе биде позитивен и дека Македонија ќе добие препорака за почеток на пристапните преговори.

Претседателот на Заедницата на Македонците во РХ, Ангел Митревски, рече дека Македонците се задоволни со остварувањето на своите права во Хрватска, дека во областа на изучувањето на македонскиот јазик, досега се отворени пет дополнителни настави, во Загреб, Пула, Риека, Осиек и Сплит, каде се учи македонскиот јазик како изборен предмет, а од пред некое време почна да се емитува и првата емисија на македонски јазик – "Македонски минути" на локалната сплитска радио станица КЛ-Еуродом. Во областа на културата и негувањето на традицијата, истакна дека се организираат културни манифестации како што се "Илинден", "Денови на браќата Миладиновци", "Денови на Кочо Рацин" и многу други изложби, промоции и слично, истовремено најавувајќи го одбележувањето на 70-годишнината од излегувањето на збирката песни "Бели мугри" со откривање на нова спомен-биста на Кочо Рацин во ноември во Самобор.

На крајот на двочасовната средба, на која сите имаа прилика да се претставaт со својата работа и презентираат по некоја своја идеја за поуспешна и поинтензивна соработка, беа разменети и неколку симболични спомен-подароци.

Е. П.

## СЕДНИЦА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЗАЕДНИЦАТА

**Загреб**: Управниот одбор на Заедницата на Македонците во РХ на 31 октомври 2009 година ја одржа својата 5. седница во полн состав, која ја водеше претседателот Ангел Митревски. Тој ги поздрави членовите и гостите, а особено дописниците на "Македонски глас" и ги повика на конструктивна соработка на седницата. Потоа, работниот дел од седницата се одвиваше по предложениот дневен ред, пришто се водеа опширни дискусии и донесени се неколку одлуки: усвоен е записникот од 4. седница на УО; поделбата на плаќањето на режиските трошоци во просториите на Заедницата е изгласана во следниот соодност: МКД "Охридски бисер" 20%, МПЦО "Св. Злата Мегленска" 25% и ЗМРХ 55%; потврдено е разрешувањето на Виолета Рајиќ-Жгањер и именувањето на Милена Георгиевска како член на Редакцијата на "Македонски глас" и дописничка од Сплит; информаторите беа подготвени и предадени од страна на друштвата и Заедницата; усвоено е кварталното "Izvješće o ostvarivanju programa i utrošku sredstava Zajednice za razdoblje od 01.01.-30.09.2009. godine" заедно со трошковниците и патните налози; културните манифестации "Ден на Заедницата" и "Рацинов ден" поради заштедување на финансиските средства ќе се одржат истовремено на 27 и 28 ноември во Самобор; да се направи редовна инвентура на имотната состојба на Заедницата во декември оваа година, за која е избрана комисија од четири члена.

На седницата се дискутираше и за промените на Критериумите и Методологијата за работа врз основа на донесените одлуки на состанокот кој се одржа на 23 октомври во Советот за национални малцинства на РХ. Митревски информираше дека новите Критериуми и Методологија бараат големо залагање при осмислувањето на Планот и програмата за работа за 2010 година и друштвата треба да си земат обврска и да ги проучат, па согласно со тоа и да аплицираат на конкурсот за софинансирање со средства од Државниот буџет на РХ.

Под точката разно беше донесена одлука за дарување на 120 примероци од репринт изданието "Бели мугри 1939-2009" од Кочо Рацин на Град Велес. Исто така, му се одобри на МКД "Охридски бисер" од Загреб да ја промени адресата на Масарикова 16/1 каде и делува во просториите на Заедницата. Заедницата доби и две благодарници, од МКД "Браќа Миладиновци" од Осиек и МКД "Билјана" од Задар.

Е. П.

## СОСТАНОК НА КОЛЕГИУМОТ НА "МАКЕДОНСКИ ГЛАС"

**Загреб**: На 31 октомври 2009 година главната уредничка Марина Апостоловска одржа состанок со дописниците на "Македонски глас" за решавање на тековните прашања во врска со списанието. Се информираше дека е променета печатницата за печатење на "Македонски глас", бидејќи новата "М-принт" е многу поповолна од досегашната, особено сега кога списанието излегува од печат секои два месеци.

Во понатамошната дискусија беа изнесувани нови идеи и размислувања како и критики за подобрување на квалитетот и содржината на списанието со предлог да се посвети поголемо внимание на приоритетот и актуелноста на текстовите кои се објавуваат. Беа донесени и неколку заклучоци: текстовите за објавување во списанието дописниците да ги пишуваат во латиничен фонт со македонска поддршка; текстовите за објавување во списанието да се доставуваат во предвидениот рок за да можат да бидат навреме подгот-




вени; да се обрне повеќе внимание на пишување текстови за обични луѓе – портрети на Македонци во Хрватска; да се пишуваат текстови во вид на реклами на Македонци – бизнисмени; да се подобри соработката помеѓу дописниците и Уредништвото. На крајот повторно се апелираше забелешките и сугестиите за работата на списанието писмено да се доставуваат до Заедницата.

Е. П.

## ИЗБОРНО СОБРАНИЕ НА МКД “ОХРИДСКИ БИСЕР”



**Загреб**: На 17 октомври 2009 година Македонското културно друштво “Охридски бисер” од Загреб, одржа Редовно изборно собрание во салата на “Зелена акција”, воедно прославувајќи ја и својата четврта годишнина од основањето. Собранието започна со свечено интонирање на хрватската и македонската химна, а веднаш потоа, претседателот Благој Штерјов ги поздрави членовите и гостите заблагодарувајќи се за досегашната успешна и плодна соработка, додека потпретседателот Орце Ламбевски поднесе извештај за работата на Друштвото истакнувајќи ги многубројните остварени активности на секциите и Управниот одбор.

По изборот на работното претседателство во состав: Иван Андонов, Никола Гроздановски и Ѓорѓи Тодоровски, Собранието продолжи со работниот дел по дневниот ред кој ги опфати разрешувањата на сите членови во управните тела на Друштвото. Следуваше приказот на финансискиот извештај за потрошените средства во изминатиот период, на извештајот за Планот и програмата на работата на Друштвото и извештајот на Надзорниот одбор кој го подготви и поднесе Кнагина Клечина, со заклучок дека целокупната документација е уредно водена во рамките на законските прописи и норми и согласно со Статутот на Друштвото. Сите извештаи беа едногласно усвоени.

Со разрешувањето на досегашните членови, а по предлозите на присутните, едногласно се именувани следните членови на Управниот одбор: Благој Штерјов, Орце Ламбевски, Елизабета Петровска, Дарко Горета, Цветанка Шестан, Снежана Станзл и Марјан Гиговски; на Надзорниот одбор: Кнагина Клечина, Даниела Јованова-Иванковиќ и Калијана Дукиќ, и на Судот на честа: Душан Чесмаџиски, Иван Андонов и Никола Гроздановски.

Благој Штерјов беше повторно едногласно избран за претседател, а Орце Ламбевски за потпретседател на Друштвото, и тие се заблагодарија за искажаната доверба со ветување дека и во иднина ќе се залагаат за успешно исполнување и реализација на предвидените програми.

Редовното изборно собрание на МКД “Охридски бисер” заврши во празнична атмосфера со пригодна закуска за членовите и – со македонска песна.

Е. П.

## Нови дописници на “Македонски глас”



### Јулијана Младеновска – Тешија

Родена е во 1969 г. година во Скопје. Таа е дипломиран професор по филозофија на Филозофскиот факултет при Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје, РМ, како и магистер по теолошки науки на Евангелскиот теолошки факултет во Осиек, РХ. Стручни усовршувања има остварено на Универзитетот во Осло и Лондонската школа за односи со јавноста. Говори и пишува на македонски, англиски и хрватски јазик, а пасивно ги познава бугарскиот и германскиот јазик. Од 2006 година е професорка по филозофија и филозофија на религиите на Евангелскиот теолошки факултет во Осиек, учителка по македонски јазик во осиечкото ОУ “Вијенац” и активен член на неколку невладини организации.

Во Р. Македонија работела како директор за односи со јавноста и колумнист на “Форум” и “Капитал”, објавувала стручни текстови во повеќе реномирани светски списанија, членка е на УО на МКД “Браќа Миладиновци” во Осиек и претседателка на УО на Центарот за мир, насилство и човекови права. Живее и работи во Осиек.

### Милена Георгиевска

Родена е во Скопје 1969 г., каде го завршила основното и средно образование и дипломирала на Филозофскиот факултет, група Педагогија. По завршениот курс на новинарската школа во НИП “Нова Македонија”, се вклучува во тимот на македонскиот дневен весник “Нова Македонија”. Од 1996 година работи во редакцијата на “Вечер” сè до 2008



година, кога во септември се доселува во Хрватска. И од Хрватска продолжува да се бави со професионалното новинарство. Дописник е на македонскиот политички неделник "Форум", каде ги следи актуелните случувања во Хрватска, правејќи паралели со она што се случува во Македонија. И натаму соработува со "Хрватска ријеч", списанието на Хрватите во Македонија.

Како новинарски брачен пар со сопругот Сашо Георгиевски, кој е дописник на "Нова Македонија" од Хрватска, тие доста патуваат и имаат едно интересно хоби – собирање на стари предмети кои претставуваат дел од културното наследство на некои региони и народи.

Покрај новинарството, во Хрватска се бави и со својата професионална дејност: од оваа учебна година таа го води Училиштето на македонски јазик во Сплит. Живее и работи во Шибеник.

## ФЕСТИВАЛ "Z ARMUNIKUN VA KASTAV"



**Кастав**: Здруженијата "ARMUNIKUN" и "BELICA", Град Кастав и Туристичката заедница на град Кастав, на 6 септември годинава беа организатори на манифестацијата дружење на армоникаши "Z armunikun va Kastav". На неа настапија шеесетина армоникаши од Приморско-горанска жупанија: Горски Котар, Нови Винодолски, Крк, Гробник, Ловран, Рукавац и Кастав, но и од Италија, Австрија, Словенија, Финска, Војводина и Македонија. Меѓу посебните гости беше поканета и пејачката група на МКД "Илинден" од Риека. Програмата почна со настапот на странските гости, а потоа настапија домашните музичари. Посебен настап имаа најстарите армоникаши, со повеќе од 70 и 80 години. На крајот сите учесници свирејќи заедно отсвирија една мелодија.

Во забавниот дел на манифестацијата настапија Илинденците, а се претставија со инструменталните мелодии "Циганчица" и "Зурли трештат", а пејачката група ги отпеа песните "Не стој Доне, Донке", "Тргнало ми лудо младо", а "Битола мој роден крај" на општо задоволство беше отпеана во придружба на целата публиката.

Здружението "Белица", позната винарија во овој дел на Приморјето, на манифестацијата за публиката и гостите ја точеше популарната каставска "Белица", овогодишно вино по кое е наречена и каставската прослава "Беле недеје" која се слави во првата недела на октомври.

В. Н.

## Македонскиот глас на сплитското радио



*Македонскиот пријател Ведран Лимиќ на своето работно место*

**Сплит**: Паралелно со отворањето на училиштето на македонски јазик во Сплит во септември годинава Македонците добија своја радио емисија што се емитува на брановите на КЛ "Еуродом". Тоа е уште една придобивка на македонското национално малцинство во нивната втора татковина Хрватска. Особено задоволни што можат да слушаат вести и информации за нивната матична земја, но и македонска музика, велат дека ваква емисија им била повеќе од потребна.

- Тоа беше на иницијатива на нашиот Совет на македонското малцинство во Сплит и нашето културно друштво "Македонија" од Сплит. Меѓутоа, до реализација на идејата, морам да кажам, дојде првенствено на пријателска основа од луѓето во КЛ Еуродом, а особено Ведран Лимиќ, на кого ја користам можноста да му се заблагодарам. Нашата емисија веќе ги надминува рамките на македонското малцинство, што е нејзина посебна вредност, а особено ја прави интересна за слушателите, нашиот спонзор "Тиквеш" од Кавадарци кој за слушателите обезбедува и награди, вели Ангел Митревски, член на владиниот совет за национални малцинства во Хрватска и претседател на Заедницата на Македонците во Хрватска.

"Македонски минути" во етерот се слушаат еднаш неделно. Обезбедениот просторот за сега е половина час во вторник, кога се поместени вести и разновидни информации врзани за Р. М., па се обработуваат актуелни теми и се настојува во секоја емисија да има по еден соговорник од македонското национално малцинство во Хрватска. Маке-

донската емисија засега се реализира како пилот проект, а за следната година Советот на македонското малцинство во Сплит во соработка со КЛ Еуродом планира да конкурира и за средства од Фондот за плурализам на електронските медиуми, што го распишува Советот за електронски медиуми. Досегашните реакции, како што посочуваат луѓето вклучени во организацијата и реализацијата на емисијата, се повеќе од позитивни. Се шири интересот за слушање на македонскиот глас преку брановите на радиото од Сплит. А "Македонски минути" ги слушаат и Хрватите.

Македонската емисија може да се следи и на интернет секој вторник од 9,30 до 10 часот на www.radiokl.hr со опција live streaming.

М.Г.

## Антологија на современиот македонски расказ на хрватски јазик

**Скопје**: Антологија на современ македонски расказ на хрватски јазик беше промовирана во Друштвото на писателите на Македонија. Изданието е објавено во Книжевната ревија на огранокот на "Матица хрватска" во Осиек, на иницијатива на познатиот хрватски славист и македонист Златко Крамариќ.

Антологијата ја составија Ангелина Бановиќ-Марковска и Весна Мојсова-Чепишевска и содржи кратки раскази од 33 автори од Македонија. На хрватски јазик ги преведе Соња Должан.

Освен одделени преводи, македонската прозна литература во Хрватска не е премногу застапена и досега е позната со антологиите на Круме Кепески и на Борислав Павловски.

Преку неа на едно место се презентираат повеќе автори, стилови, генерации, но слабата страна на ваквите изданија е што тие се објавуваат со лични напори, а не меѓукултурно на државно ниво.

М. А. В.

## ВИШКОВО ВРЕЛО

**Вишково**: Денот "Св. Матеј", заштитникот на Општината Вишково и на Жупата "Св. Матеј" одбележен е на 20 септември годинава со повеќе спортски, културни, верски и забавни настани. Притоа, беше откриена и спомен плоча на познатите преродбеници, браќата свештеници Иван и Матко Баштијан, кои во 19. век пишувале за многу светски настани, а творци се на познатиот приморски хумористички дијалог "Јурине и Франине", но и на многу патриотски песни.

На покана од КУД "Извор" од Вишково, како и минатата година и оваа учество зеде МКД "Илинден" од Риека. Фолклорната смотра почна со дефилето на 550 учесници по главната улица на општината Вишково, со желба да го преставаат културното наследство од својот крај, а беа поздравени од публиката – Вишњани и од бројните гости и туристи. Оваа смотра има меѓународен карактер, па во дефилето учествуваа единаесет културно-уметнички друштва. Покрај домакините КУД "Извор" гостите беа од Запрешиќ, Велика Горица, Хрватскиот клуб, Шкофја Лока – Словенија, Шумиче – Славонски Брод, "Тарас Шевченко" – Коњижа, Изворни обичаи – Загреб, КУД од Доњи Лапац, "Градина" од Полаче и МКД "Илинден" – Риека.

Собраните фолклористите на месниот празник Св. Михоја, во центарот на Вишково одржаа фолклорна смотра, со цел да се преставаат со своите најдобри точки во кусиот настап – со традиционални игри, ора и песни. Голем дел од учесниците се претставија и со стари обичаи од своите краеви, со своите културни богатства и со традицијата. Илинденците настапија со подготвената 15 минутна програма на која се претставија со егејски игри, а хорот со песните "Тргнало ми лудо младо" и "Ноќе абер ми дојде".

В. Н.

## ЕСМА РЕЏЕПОВА – КОНЦЕРТ ЗА ПАМЕТЕЊЕ



**Опатија**: На традиционалните Денови на Еврејската културна сцена – БЕЈАХАДА, која во Опатија се одржа од 25 – 31 август годинава, 27 август беше разервиран за концертот на македонската пеачка на ромска музика, но и хуманитарка, Есма Реџепова. На големата Летна сцена двочасовен концерт одржаа Реџепова и нејзиниот ансамбл "Теодосиевски", во кој членуваат петмина музичари што Есма ги смета за нејзини синови и еден од 118 внука на тапани.

Есма Реџепова зад себе има светска репутација, стекната во изминатите педесетина години музичка кариера. Но, како што самата рече на концертот, повеќе се гордее со својот хуманитарен однос кон бројните сиромашни или напуштени деца кои заедно со нејзиниот покоен сопруг Стево ги има спасено од сиромаштијата, гладот и улицата, па воспитале и одгледале 47 деца. Есма е кралица на ромската музика, ромска уметница на столетие и УНЕСКО-ва амбасадорка за бегалци, двапати е номинирана за Нобелова награда за мир. Во музичката кариера која започнува во нејзината 11 година има одржано повеќе од 8000 концерти, од кои третина биле од хуманитарна природа. Снимила околу 600 песни, повеќе од 60 албуми и пеела на 20 светски јазици.

Концертот почна со "Македонско девојче" во изведба на ансамблот Теодосиевски, а набрзо им се придружи Есма облечена во беж фустан. Како и секоја вистинска ромска приредба и оваа почна весело, без задршка на енергичните свирачи кои создаваа атмосфера. Меѓу првите песни Есма отпеа и една тажна, за која рече дека им ја посветува на страдните Роми и Евреи, а потоа следеше репертоар на блок ромски песми: "Чаје Шукарие", "Абре Ромче", "Ибрахим" и други, но најголеми овации предизвика интерпретацијата на "Ѓелем, ѓелем". На овие познати песни се надоврзаа и неколку познати хрватски, како далматинската "Рибар плете" и словенските "Приди с мenoj", а потоа се прошета низ салата со песната "Два брачанина" и ја крена публиката на нозе и доби долготраен аплауз.

По долго време Есма се врати во Опатија и приреди концерт за паметење!

В. Н.

## 13. ЕТНО СМОТРА НА НАЦИОНАЛНИТЕ МАЛЦИНСТВА

**Риека**: 13. ЕТНО СМОТРА на националните малцинства што се одржа во Риека на 20 септември годинава започна со тркалезна маса на етничките национални малцинства на тема "Остварување на правата на националните малцинства во Хрватска, со осврт на правата на малцинствата во земјите на бивша Југославија". На собирот присуствуваа претставници на повеќе малцински здруженија како и стручњаци од Правниот и Филозофскиот факултет од Риека. Во име на градот Риека присутните ги поздрави Ернест Цукров, кој во својот осврт рече: "Tajna je jednostavna – Rijeka naprosto poštuje Ustav i zakone koji govore o primjeni manjinskih prava. O tome se u Rijeci ne raspravlja, ti se propisi provode. U Rijeci uvjek se dodatno radi na senzibiliziranje većine za prava manjine, a manjinska su pitanja takodjer depolitizirana, izvučena iz prostora politike u prostoru ljudskih prava."

Фоклорната приредба се одржа во новоотворениот Чешки дом "Т. Г. Масарик" со централниот настан на Етно смотрата – Денот на националните малцинства во Риека, каде по тринаесетти пат е прикажано шаренилото на фолклорот со смотра на дејностите на националните здруженија. Приредба на едно место собра десет фолклорни ансамбли, пет народни оркестри и пет вокални групи. Најголемиот дел од програмата ја прикажаа здруженијата од Риека, но дел им припадна на гостите од Чешка и Италијанската заедницата, а имаше гости и од Истра, Албанците од Бјеловар и гости на Унгарска заедница КУД "Петефи Шандор" од Војводина. Јадранка Чубриќ водителката на програмата, нагласи дека гостите, иако се аматерски друштва, сценски својата програма ја изведуваат крајно професионално. Вечерта, во Чешкиот дом видовме ориентални танци, народни ора, песни, сватовски игри, севдах, ашик (љубување), но и игри стари по неколку стотини години, а ги изведоа гостите од Чешко Хлубине, театарот "Рома Чаплин", Матица на Словаците, Италијаните од Бале – Истра, Албанските Бјеловарци, Унгарските гости од Војводина, Словенското КД "Базовица", Српското КД "Просвета", Мешовитиот хор од Бошнаците "Севдалинка". Во вечерната претстава настап доби Ален Полиќ, чест гостин на смотрите, овојпат во придружба на пејачката и фолклорната група на МКД "Илинден", пришто ги отпеаја песните "Лихнида кајче веслаше" и "Ноќе абер ми дојде", а играорците се претставија со "Викачката песна" (Букачка) и со едно Егејско оро, па на крајот на настапот заедно со Ален Полиќ беа наградени со долг аплауз.

Етно смотрата во Риека всушност почна на 13 септември со шаховскиот турнир на националните малцинства, а во текот на таа недела беше поставена и ликовна изложба на националните малцинства, одржан е фестивал на малцинска детска поезија во организација на СКД "Просвета", а ден пред официјалното отворање на смотрата градоначалникот на Град Риека, Војко Оберснел свечено го отвори новоизградениот Чешки дом "Т. Г. Масарик".

В. Н.

## "ЅВОНИ ДВАПАТИ" НА ХРВАТСКИ

Преводите на дела од македонски на хрватски јазик се вистинска реткост. Во издание на Хрватското книжевно друштво во Риека неодамна излезе од печат книгата "Звони двапут" од Васил Тоциновски. Таа содржи педесет и еден расказ за деца, за која авторот во 2002 година ја доби наградата за литература за деца и млади на Здружението на издавачите и книжарите на Македонија. Уредник на книгата и автор на поговорот е познатата риечка писателка Весна Мицулиниќ Прешњак, па, меѓу другото ќе напише:




"Во книгата се раскажува за две деца кои се соседи во еден од облакодерите во големиот град. Гоце и Јане на еден прекрасен начин со своето верно другарување ги покажуваат љубовта, почитта и довербата меѓу луѓето. Нивното секојдневие е исполнето со детски игри, палавости и соништа. Гоце е ученик, а Јане едвај чека да се врати од училиште за да си играат. Писателот луцидно низ играта го открива светот на детството, па на своите читатели со еден убав јазик и стил, едноставно и лесно, со многу лирика и духовност го покажува вистинското лице на детето. Тоциновски е писател кој умее да го привлече вниманието на читателот и да им соопшти нешто ново, интересно и неповторливо. Одлика на неговата проза е духовитоста која едноставно од книгата извира како непресушен бунар.

Главните ликови се стожер околу кој се вртат и многу други ликови и настани непосредно поврзани со карактерите и судбините на Гоце и Јане. Ненаметливо, тука се прикажани нивните семејства и домот и семејството со непроценливи животни вредности. Тука се бабите и дедовците, теткитe и чичковците, другарите од улица и училиштето. Се појавуваат првите симпатии и првата љубов. Така приказните на "Звони двапут" добиваат една поширока димензија. Би додала со малку и одбрани зборови: Васил Тоциновски кажува многу суштински животни приказни и пораки, па може да се рече дека книгата е всушност роман. Или, може да се чита како роман. При тоа секако треба да нагласам дека Тоциновски испишал страници кои се читаат во еден здив."

На крајот треба да се забележи дека преводот е дело на студентите по македонски јазик на Филозофскиот факултет при Универзитетот во Риека: Амбра Бркиќ, Ненси Чаргоња Кошута, Ива Чрњар, Андреја Ѓордиќ, Матеја Мавринац, Ива Матиќ, Иваница Топиќ и Маја Жанко. Илустрациите се на учениците од средното уметничко училиште под менторство на професорката Лаура Херцег.

В. Н.

## Премиерката Косор во посета на Македонија

На 10 ноември годинава премиерката на Република Хрватска, Јадранка Косор, престојуваше во еднодневна официјална посета на Република Македонија, при што беше пречекана и приемена на највисоко ниво.

На средбата со нејзиниот колега Груевски беше потенцирано дека Македонија и Хрватска имаат исклучително добра политичка соработка и пријателство меѓу двете земји и двата народа. Добрата соработка позитивно влијае врз економските односи, но сепак на ова поле има можност за понатамошно унапредување. Воедно премиерката Косор ја потенцира хрватската поддршка на аспирациите на Македонија да стане дел од Европа, па истакна дека Хрватска и натаму ќе дава цврста и конкретна поддршка на патот на Република Македонија за членство во Унијата и НАТО.

Двајцата премиери разговараа и за можностите за унапредување на економската соработка меѓу двете земји, за што е формиран и тим за соработка.

Македонскиот премиер смета дека добрите политички односи меѓу Македонија и Хрватска можат да бидат добра основа за унапредување на економските односи, па рече: "Хрватските бизнисмени се добредојдени. Имаме најави за инвестиции на хрватски компании, а голем дел од нив веќе имаат акции во македонските компании."

Потоа, премиерката Јадранка Косор имаше средба и со претседателот на Р.М. Ѓорге Иванов. Иванов, како што соопштува неговиот кабинет, притоа посочил дека и оваа посета е потврда за искреното пријателство и високото ниво во односите меѓу двете земји, кои во континуитет бележат позитивен развој. Иванов смета дека токму политичкиот дијалог, кој е континуиран и се остварува на сите нивоа, претставува голем капитал кој во наредниот период треба да се зголемува, особено во сферата на економската соработка.

Косор ја потврди поддршката од Р.Х. за аспирациите на Р.М. за членство во ЕУ и НАТО, потенцирајќи дека Хрватска се наоѓа во завршната етапа од преговорите за членство во ЕУ. Таа изрази задоволство од неодамна деблокираните преговори за членство на Хрватска во ЕУ и подвлече дека тоа е одличен знак на охрабрување и поддршка за сите земји од ЈИЕ кои настојуваат да одат по тој пат.

Во рамките на официјалната посета на Македонија, премиерката Косор и нејзиниот домаќин Груевски учествуваа и на седница на Македонскиот-хрватски деловен клуб. На неа тие истакнаа дека односите меѓу Македонија и Хрватска се примерни и пријателски и без отворени прашања, а стопанствата на двете земји не се конкуренти меѓу себе и можат со заеднички настап на трети пазари да обезбедат значајни економски користи.

Хрватската премиерка Косор им вети на стопанствениците од двете земји потполна поддршка за јакнење на меѓусебната стопанска соработка, и рече: "Хрватска како членка на НАТО и земја која ги заврши преговорите за влез во ЕУ ќе и даде целосна поддршка на Република Македонија на нејзиниот евроатлантски пат. Хрватските фирми кои работат во Македонија се успешни. Досега нивните вложувања во Македонија не беа шпекулативни, туку во долгорочно производство и за отворање на нови работни места." Претседателката на Македонско хрватскиот деловен клуб, Вита Хузјан, посочи дека деловното поврзување на Македонија и на Хрватска може да влијае на намалување на последиците од светската економска криза. "Свесни сме дека се зависи од нашата способност, но ја користиме можноста од вас премиерите на двете земји да побараме поддршка", рече таа. На тоа копретседателот на Македонско-хрватскиот деловен клуб и претседател на Стопанската комора на Македонија, Бранко Азески, истакна дека билатералната трговска соработка меѓу Македонија и Хрватска во првите осум месеци од годинава бележи пад од 30,8 % во однос на истиот период лани или за 76 милиони американски долари. Извозот на Македонија во Хрватска е паднат за 55,9 милиони американски долари или 35,8 %, а исто така и увозот е паднат за 20,6 милиони долари или за 22,3 %.

М.А.В.

## Министерот Османи на меѓународна конференција во Хрватска

Македонскиот министер за здравство Бујар Османи, на 27 октомври беше во еднодневна посета на Хрватска, каде што учествуваше на Меѓународниот симпозиум "Здравствени реформи во Република Хрватска – искуства и спроведување" во Плитвице.

На Симпозионот учествуваа министрите за здравство на земјите на Југоисточна Европа, Австрија и Унгарија. Министерот Османи учествуваше на панелот на тема "Здравството во време на глобална економска криза".

За време на посетата, Османи оствари средба со хрватскиот министер за здравство и социјална заштита, Дарко Милиновиќ, на која се разговараше за продлабочување на соработката меѓу двете институции, врз основа на склучениот договор за соработка меѓу соодветните министерства од двете земји, потпишан во 2005 година.

М.А.В.

## Министерот Маневски во еднодневна работна посета на Загреб

Министерот за правда на РМ, Михајло Маневски, на 27 октомври годинава престојуваше во еднодневна работна посета на Загреб, Република Хрватска. Во рамките на посетата министерот Маневски се обрати пред учесниците на Регионалната конференција во организација на УНДП – Заштита на сведоците и жртвите.

Во своето обраќање министерот Маневски истакна дека меѓународниот организиран криминал претставува голема опасност на современиот свет. За ефикасна борба за негово спречување е неопходна глобална стратегија и конкретна континуирана актив-

ност на јавните обвинителства, полицијата, судовите и другите специјализирани органи на секоја држава конкретно. Сите држави мора со сите средства да се борат против ова зло рече Маневски.

"Република Македонија", нагласи Маневски, "интензивно се вклучи во процесот за спречување на организираниот криминал преку преземање соодветни мерки, како на нормативен план, така и преку конкретни активности во практиката. На притисоци, закани и обиди за корупција мошне често се изложени учесници во кривичната постапка, како што се сведоците, соработниците на правдата, жртвите и друго. Тоа е предизвик за наша успешна мобилизација за нивна заштита."

За време на посетата на Загреб, министерот Маневски имаше одвоени средби со министерот за правда на Република Хрватска, Иван Шимоновиќ, со претседателот на Врховниот суд, Бранко Хрватин и главниот јавен обвинител на Републичкото јавно обвинителство, Младен Бајиќ, како и со претставници на Уредот за спречување на корупцијата и организираниот криминал –УСКОК.

М. А. В.

## Скопје ќе се збратими со Загреб

Скопје ќе се збратими со градот Загреб, беше договорено на 2 ноември годинава на средбата меѓу градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски и градоначалникот на Загреб, Милан Бандиќ.

Како што соопшти Град Скопје, на денешната официјална средба Бандиќ нагласил дека иницијативата за збратимување на Загреб и Скопје ќе ја стави како точка на дневен ред на наредната седница на Советот на Град Загреб. Во наредниов период ќе бидат потпишани меморандуми за соработка меѓу Скопје и Загреб, со што ќе се продлабочи соработката во повеќе области. Градоначалниците Трајановски и Бандиќ на средбата разговарале и за функционирањето на јавните градски претпријатија, за работата на градската администрација и за можноста за културна размена. Посетата на делегацијата на Град Скопје на Загреб е на иницијатива на градоначалникот Бандиќ.

МИА

## МАКЕДОНСКИОТ АМБАСАДОР ВО ПОСЕТА НА ЗАДАР

На 21 октомври годинава во Задар пестојуваше Н.Е. Данчо Марковски, амбасадор на Р. Македонија во Р. Хрватска, со сопругата. Во негова придружба беше и министерот советник во Македонската амбасада, Данчо Петровски. Високите гости ги дочекаа претставниците на МКД "Билјана" од Задар – претседателката на Друштвото, Мирјана Мајиќ и дописничката на списанието "Македонски глас", Еми Лонгин. Делегацијата по срдечните поздрави од страна на домаќините се упати на закажаниот состанок во градската управа, каде ги прими градоначалникот на градот Задар, д-р Звонимир Вранчиќ, заменикот на градоначалникот, д-р Дражен Гргуровиќ и водителот на кабинетот за култура, Борис Артиќ.



*Вранчиќ на средбата со мак. делегација*

Д-р З. Вранчиќ срдечно ги дочека гостите и притоа се присети на старите времиња, при што напомена дека Задар во минатото бил збратимен со многу градови, меѓу кои и Прилеп од Р.М. Потоа, градоначалникот говореше за сегашната стопанска, геолошка и културна состојба во градот, а гостите ги запозна со структурата на жителите, напоменувајќи дека Задар е мошне добро поврзан со автопат и се наоѓа на крстосниците на Европа. Д-р Вранчиќ рече: "Нашиот туризам е во експанзија. Бројот на жителите во последните години се зголеми на 80.000 жители, а има тенденција на проширување. Бидејќи по војната во Задар индустријата и производството замрзнаа, а сите големи претпријатија згаснаа, стопанствениците и граѓаните во градот се насочени кон туризмот, односно основната гранка – рибарството. Значајни за Задар ни се две големи инвестиции, а тоа се пристаништето Гаженица и стопанската зона, во кои вложува Светската банка за обнова и развој."

Во своето обраќање амбасадорот Д. Марковски рече како мисли дека треба да се избегнува масовниот туризам, а поголемо внимание треба да му се посвети на ексклузивниот. Во сферата на стопанството, тој истакна дека не треба да се инсистира на голем капитал кој бара ефтина работна снага, па нагласи дека би му било мило во иднина Република Македонија и Република Хрватска да остварат соработка, како во стопанството, така и во туризмот, но и на други нивоа. Амбасадорот ја истакна и поврзаноста на Универзитетите на Хрватска и Македонија и нивната долгогодишна успешна соработка.

На крајот на средбата градоначалникот д-р Вранчиќ рече дека е задоволен од соработката со националните малцинства во Задарската жупанија, а особено со малцинството на Македонците. На сите овие зборови се заблагодари претседателката на МКД "Билјана", Мирјана Мајиќ. И таа го мисли истото, но би сакала конечно да се реши прашањето Друштво да добие свои простории каде ќе можат да се реализираат сите негови активности.

Дружењето на македонската делегација предводена од амбасадорот на Р. Македонија заврши со размена на подароци меѓу гостите и домаќините на градот Задар, на чело со градоначалникот д-р Вранчиќ.

Е. Лонгин

# ПОТПИШАНА ИНИЦИЈАТИВА ЗА СОРАБОТКА МЕЃУ РИЕКА И БИТОЛА

Градоначалниците на Риека и Битола, Војко Оберснел и Владимир Талески, на 17 септември 2009 година потпишаа иницијатива за воспоставување пријателска соработка меѓу Риека, Р. Хрватска и Битола, Р. Македонија. Делегација на општината Битола ја претставуваа: градоначалникот Владимир Талески, Лиљана Кузмановска, претседател на Советот, Ѓуро Илиќ, шеф на кабинетот на градоначалникот и членовите на Советот Томе Наумов и Томислав Стојчевски. Од градот Риека со градоначалникот Војко Оберснел, присуствуваа претседателката на Градскиот совет Доротеа Пешиќ – Буковац, Ернерс Цукров, претседател на одборот за меѓународна соработка, заменикот на градоначалникот Мирослав Матешиќ и раководителката на Кабинетот на Ксенија Линиќ. Во придружба беа амбасадорот на РМ во РХ, Данчо Марковски и претставници на Советот на македонското малцинство за Град Риека, Михаило Давчевски и Илија Христодулов.

Градот Риека и Општината Битола оценија дека постојат објективни можности за продлабочување на идната соработка од взаемна корист во подрачјата на стопанството, трговската соработка, развојот на локалната самоуправа, урбаниот туризам, културните и спортски манифестации, како и соработка меѓу универзитетите, со цел во блиска иднина да се воспостави цврста пријателска врска во смисла на подобро запознавање на двата, по многу нешта слични, градови. Посебно внимание ќе се посвети во остварување на правата на хрватското малцинство во општина Битола и на македонското малцинство во град Риека, согласно со Спогодбата меѓу Република Хрватска и Република Македонија за заштита на правата на хрватското и на македонското малцинство. Уверени во важноста на меѓународната соработка за сеопшт развој, градоначалниците на овај начин дадоа свој придонес и поттик за натамошен напредок на своите заедници. Иницијативата за воспоставување пријателска соработка потекна од Советот на македонското малцинство на град Риека, кое во март годинава заедно со Делегацијата на град Риека ја посетија Битола и на градските власти им предложија воспоставување иницијатива за пријателска соработка.

Поздравувајќи го настанот Војко Оберснел изрази уверение дека ќе ги унапреди



*Збратимување на Риека и Битола*

односите кои благодарение на досегашните активности на Советот на МНМ, на културен и стопанскиот план, се особено добри. Градоначалникот Талески рече дека Риека на овој начин најубаво ја покажа својата мултикултуралност. „Таква е и Битола, во која живее бројно национално малцинство, а со бројот на конзулатите, бил и е конзулски град", рече Талески.

Битолската делегацијата во дводневниот престој на Риека ја посети и Жупаниската стопанска комора, каде со домаќините ја искористи можноста за нови контакти, за соработка и размена на познатите македонски земјоделски производи. Делегацијата од Битола го посети и Ректоратот на факултетот во Риека, каде со проф. д-р Горан Калоѓера се разговараше за контактите меѓу битолкиот и риечкиот универзитет. Во театарот „Иван пл. Зајц" директорот на риечката драма Жарко Радиќ уважените гости ги прошета низ театарот, ги запозна со работата и со годишните програми, но стана збор и за можни размени и посети на ансамбли од Риека во Битола и обратно.

Вечерта, градоначалникот Талески со соработниците го посети Македонскиот клуб, каде беа дочекани од бројните сограѓани, заинтересирани да слушнат за животните прилики во Македонија, а особено за градот Битола, затоа што многу од присутните Македонци се по потекло од битолскиот крај. Меѓу нив беа и најстарите битолчани во Риека, фотографската легенда Томе Марински

(почесен член да МКД „Илинден") и Кире Марковски со сопругите. Средбата мина во сентиментална атмосфера, во разговор со многу прашања и интерес за сегашните состојби, но и за интересот на гостите за животот на македонското малцинство во овај дел на Хрватска.

Во име на домаќините, водителот на Канцеларијата Илија Христодулов се заблагодари за посетата на гостите, но и за пречекот на Студиската делегација која престојуваше во Битола оваа година.

Владо Настески

**Разговор: Владимир Талески, градоначалник на Битола**

## РИЕКА ЈА ДОЖИВУВАМ КАКО БИТОЛА

**Најнапред, Ве молиме да ги изнесете впечатоците за првата официјална посета на градот Риека.**

Најнапред, да ви заблагодарам за идејата и посредувањето за потпишувањето на Иницијативата за збратимување меѓу Битола и Риека. Риека е прекрасен град, во што се увеeconвме овие денови додека престојувавме овде. Тука се чувствував како дома во Битола. Архитектурата на улиците како да е пренесена од Битола. Најубавата улица во Битола – Широки Сокак е многу слична со Риечкото Корзо. Како огледало се одразува чувството и менталитетот. Многу топло, големо гостопримство. Оваа делегација ќе ги пренесе ваквите искуства во Битола. Мислам дека до 4 ноември Советот ќе донесе одлука за збратимување, а се надевам дека тоа ќе го стори и риечкиот Совет. Риечани ги поканив да бидат присутни на Денот на Битола, кога и официјално ќе го потпишеме збратимувањето, а оваа година го одбележуваме јубилејот – 65 години од ослободувањето на Битола. Разговаравме и со Регионалната агенцијата за развој во Жупаниската стопанска комора во Риека, за многу сегменти во делот на културата, спортот и екологијата во склоп на меѓународните проекти на ЕУ кои даваат можност за финансирање и соработка.



*Владимир Талески*

**Знаеме дека не сте првпат во Хрватска, но првпат сте во Риека. Она што е напишано во самата Иницијатива дека по многу нешта двата града се слични и исти, го почувствувавте и овде за време на Вашиот претстој. Во тоа време се сретнавте и со нашиот проф. Горан Калоѓера. Какви се Вашите впечатоци од таа универзитетска соработка?**

Оваа наша соработка ќе роди плод во размена на студенти и професори меѓу двата универзитета. Техничкиот дел ќе го направат универзитетите, ќе ни предложат на мене и на градоначалникот на Риека, што всушност е можно, реално и објективно и најбрзо можно да се направи таа размена во образованието, односно соработка меѓу двата универзитета. Интересно беше во разговорот со проф. Калоѓера што заклучивме дека 95% од факултетите ни се совпаѓаат, истите факултети ги имаме и на нашиот универзитет. Навистина е бескраен просторот на ваква соработка.

**Како актер и режисер од она што го прочитавме во Вашиот животопис, задоволство беше да присуствуваме на средбата со Жарко Радиќ, директорот на Хрватската драма во Риечкиот народен театар „Иван пл. Зајц„ во Риека. Ве молам со неколку збора да ни ја опишете таа средба.**

Радиќ е многу познато име во нашиот театарски свет, во светот на филмот и телевизијата. Во разговорот ми пренесе едно искуство на нашите Македонци кои работеле овде, за Марјан Мечак, човек којшто правел неколку претстави во риечкиот театар, а тој е и мој пријател и работи во битолскиот театар. Со Жарко разговаравме и за една друга можност – тој соработува со нашиот Марјан и се надевам дека ќе успеат да се договорат околу реализацијата на првата долга, можеби и најголема серија во Македонија и верувам дека ќе биде во копродукција меѓу Македонија и Хрватска. Исто така, разговаравме да се направи еден филм кој на некој начин тематски ќе ги спојува поранешните простори од бившата држава. Општината Битола има концепт за создавање на еден филмски град. Владата на РМ одлучи во овој момент во процесот на децентрализација касарните да ги стави во функција. Со новиот урбанистички план, понудениот простор на Општината имаме можност да го прифатиме и да го пренамениме и формираме филмскиот град. Со Жарко се договоривме на следната средба во Битола да продолжиме со договорите и да реализираме некои од програмите. Всушност, ова е дел од потпишаната Иницијатива за соработка на градовите Битола и Риека.

В. Настески

# „ГОЦЕВИ ДЕНОВИ“ ВО ХРВАТСКА

***Од 26 до 28 октомври годнава Загреб и Осиек домаќини на манифестацијата***



*Гоцеви денови во Загреб*



*Дуетот Трајковска и Петровска*

Под покровителство на Министерството за култура и Министерството за надворешни работи на Р. Македонија, а во организација на Амбасадата на РМ во РХ и во соработка со Советот на МНМ за Град Загреб и МКД "Браќа Миладиновци" од Осиек, од 26 до 28 октомври годинава во Хрватска се одржа меѓународната научно-културна манифестација "Гоцеви денови". Програмските содржини на манифестацијата беа научна трибина на тема "Македонско-хрватските културно-историски врски" и изложба на цртежи на тема "Цркви и манастири во Македонија" на авторот Марјан Ризовски, што се одржаа во Загреб и Осиек.

На 26 октомври во загрепската галерија "Улрих", една од најстарите во Хрватска, во присуство на претставници на Град Загреб, од Министерството за култура на РХ, на македонскиот министер за правда, Михајло Маневски, и стотина граѓани љубители на уметноста, беше отворена изложбата "Цркви и манастири во Македонија" на Марјан Ризовски. Притоа, на присутните им се обратија амбасадорот на РМ во РХ, Д. Марковски, претседателот на манифестацијата, проф. Стојан Стојков, директорката на галеријата, Теа Билиќ и промоторот, проф. д-р Илија Велев. Сите тие истакнаа дека изложбата претставува значаен културен настан не само за загрепската публика, туку и пошироко за Хрватска. Таа на единствен начин говори за самобитноста и опстојбата на македонскиот народ, за неговата амбиенталност и културно наследство што низ историјата го создавале бројни генерации, градители и творци на неповторливата сакрална архитектура, која на одреден начин е поврзана и со хрватската култура, притоа трпејќи меѓусебни влијанија.

Отворањето на изложбата беше проследено со музичка концертна изведба на пијанистката проф. Власта Ѓура со дела од Тома Прошев и дуетот, виолинистката Пламенка Трајковска и пијанистката Биљана Петровска со дела од Фредерик Шопен, Астор Пиацола, Стојан Стојков, Рихард Штраус и други.

На 27 октомври во Загреб, а на иницијатива на Амбасадата, директорот на Хрватскиот институт за историја, проф. д-р Стјепан Матковиќ и директорот на Институтот за национална историја на Р. Македонија, проф. д-р Тодор Чепреганов потпишаа Протокол за соработка меѓу двата института. Како што истакнаа Чепреганов и Матковиќ, целта на Протоколот е да се прошири меѓусебната соработка во областа на научната, истражувачката и образовната дејност.

Потоа, се одржа и научна трибина насловена "Македонско-хрватските културно-историски врски", на која настапија: проф. д-р Ѓорѓи Чакариановски, проф. д-р Илија Велев, проф. д-р Александар Атанасовски, проф. д-р Марко Китевски, проф. Стојан Стојков и проф. д-р Борислав Павловски, раководител на Катедрата за македонски јазик и книжевност при Филозофскиот факултет во Загреб. На трибината, на која



*Гоцеви денови во Осиек*

пригодно обраќање имаше директорот Матковиќ, а ја следеа поголем број научни соработници на Хрватскиот институт за историја, беа опфатени следните теми: животот и делото на Гоце Делчев, словенската писменост и македонско-хрватските културни врски и традиции, врските на Македонија и Хрватска во средниот век, великоморавската мисија на Кирил и Методиј, фолклорните врски и влијанија меѓу македонскиот и хрватскиот народ, комуникацијата на планот на музиката, хрватско-македонските книжевни врски...

На 28 октомври во Осиек, покрај еднодневната поставка на изложбата "Цркви и манастири во Македонија", придружена со музички рецитал на Трајковска и Петровска, делегацијата од Македонија положи цвеќе на гробот на бискупот Штросмаер, а ја разгледаа и Катедралата во Ѓаково, каде се наоѓа криптата со моштите на Штросмаер и каде во почетокот на годинава беше откриена спомен-плоча во знак на благодарност на македонскиот народ за помошта што тој им ја пружил на браќата Миладиновци во печатењето на нивниот Зборник. За историјата на катедралата говореше проф. Владо Филиќ. Воедно, македонската делегација го посети и спомен-музејот на Штросмаер, каде се чува оригиналот на Зборникот на Миладиновци.

"Манифестацијата "Гоцеви денови" има долга традиција. Од своите почетоци, од пред 44 години па сѐ до денес, таа го претставува македонското културно наследство низ различни градови на Македонија, но и во други држави од Балканот, Европа и пошироко", рече во своето обраќање до присутните во Осиек претседателот на оваа манифестација, Стојан Стојков, а потоа нагласи дека и концепциски, оваа манифестација, покрај тоа што ги претставува македонските уметници и нивните дела од областа на сликарството, графиката, фотографијата, филмот, музиката, поезијата, ги претставува и научните трудови на нашите истражувачи и автори, и тоа преку трибини и предавања, но и преку публикување стручни книги кои се резултат на симпозиумите кои во рамките на "Гоцеви денови" се организираат еднаш на секои две години. Издавачката дејност на оваа манифестација, меѓутоа, не завршува тука. Тие публикуваат и други културно-научни дела значајни за македонската култура, наука и историја. Оценувајќи го гостувањето на манифестацијата "Гоцеви денови" во Хрватска, Стојан Стојков го изрази своето големо задоволство и благодарност до домаќините за нивната поддршка и вложен труд. "Ако нашата цел беше да го претставиме македонскиот културен идентитет преку презентирање на дел од богаствата на македонското творештво и илјадагодишната традиција на македонската писменост и култура, тогаш тоа го постигнавме во целост."

М. А. Вујаклија, Е. Петровска
и Ј. М. Тешија

Македонскиот сликар и архитект Марјан Ризовски досега има одржано 10 самостојни и повеќе групни изложби во Македонија и странство, а добитник е и на бројни награди и признанија. На изложбата "Цркви и манастири во Македонија" беа прикажани 30-тина негови дела изведени во класичен галериски формат. Техниката со која се претставува Ризовски е цртеж во молив и најчесто ја осликува македонската староградска архитектура како и нејзините цркви и манастири.

"Со чудесна мекост на моливот и со чувство за третирање и на архитектонските форми и на пејзажот, со достојна мера на сензибилитет, ни ги претставува убавината и раскошот на нашата сакрална архитектура и на македонскиот пејзаж. Во пејзажите на Ризовски не постои небо. Тоа останува чиста, обична бела површина, што е мошне ретко и мошне смело, момент каде се губи третиот план на пејзажот, а перспективата останува присутна", вели академикот Томе Серафимовски во предговорот на каталогот за изложбата.

# Славенички прекрасно во роденденскиот октомври

*Мал дневник на МКД „Браќа Миладиновци“ за својот 15-ти роденден*




*Уште една успешна манифестација во Осиек*

**Четврток, 22. 10. 2009 година**

На денот на основањето на МКД “Браќа Миладиновци” во Осиек, мала делегација на Друштвото предводена од претседателката, проф. Јагода Цветичанин, се упати кон Евангелскиот теолошки факултет во Осиек. А таму, студентите Македонци им подготвуваа презентација на Македонија за своите колеги од Европа која содржеше кусо излагање за нашата историја (Александар Апостолов), за карактеристиките на македонскиот јазик (Јулијана Тешија) и секако, за култура, носиите и музиката на Македонија (Давид Банскалиев, Живко Барбутов и Јагода Цветичанин). Групата доби огромен аплауз, а присутните научија како се кажува “Сакам гравче тавче”, секако, на македонски!

**Сабота, 24. 10. 2009 година**

Роденденски концерт “Секциите на Друштвото и гости”. Водителка, Ксенија Менковска. На генералната проба, во Домот на армијата на хрватската војска врвеше како во кошница уште од 17 часот кога дојдоа најмалите членови на дополнителната настава по македонски јазик да ја вежбаат рецитацијата “Татковина” од Ванчо Николески и етно работилницата “Везилки” која ја поставуваше изложбата со вредните креации на нашите членки. Со пристигањето на музичарите и “Вардарките”, во салата почнаа да ечат звуците на македонската песна што набрзо ја обогати и ритамот на разиграните нозе на малиот и големиот “Танец” и гостите од Риека. Кога во 19 часот почнаа да пристигаат гостите и претставниците на Македонската амбасада во Хрватска, градот Осиек и Осјечко-барањската жупанија, медиумите, сé веќе беше весело и подготвено за големиот почеток.

А тој беше навистина голем, зашто, како што рече претседателката Јагода Цветичанин, “зад нас се 15 години градење мостови на културна соработка, осмислување и негување на културни и јазични содржини со кои се гордееме и ние, и градот во кој активно делуваме”, на што се надоврза и Амбасадорот на Македонија во Р. Хрватска, Данчо Марковски, кој рече дека “првиот бисер што го нанижа проф. Јовановски во овие 15 години прерасна во ѓердан бисери кој нанижан го носи името на браќата Миладиновци, македонскиот збор и македонскиот јазик”.

Присутните ги поздрави и Ангел Митревски во името на Советот за национални малцинства при Владата на РХ и Заедницата на Македонците во Р. Хрватска и ја нагласи отвореноста на ова Друштво и неговата спремност да ја негува македонската култура и јазик, при што како нов, голем пријател е ОУ “Вијенац”, во кое веќе втора година по ред се одвива наставата по македонски јазик за најмалите. Свјетлана Рауш, заменичка на водителот на Управниот оддел за општествени работи при Осјечко-барањската жупанија им се “заблагодари на членовите на МКД “Браќа Миладиновци” што сите овие години ги збогатуваат културните содржини на градот и жупанијата со својата самопрегорна работа и огромна љубов”, додека Дражен Алериќ, водител на Управниот оддел на градот Осиек им посака на сите “уште 150 години успешно работење, на гордост на градот Осиек!”

Славењето потоа продолжи со претставување на слајд-презентација на Сања Бузачиќ во која беа прикажани најважните активности на МКД “Браќа Миладиновци” во изминатите петнаесет години, на што се надоврза прекрасното трио “Т’га за југ”, во состав Кирил Наумов – виолина, Дејан Чинчурак – обоа и Живко Барбутов – клавијатура, кои им ја разгалија душата на присутните со македонскиот мелос во модерна изведба. Веднаш по нив настапија најмладите



*НЕ Д. Марковски и Јагода Цветичанин*

членови со рецитација на песните "Татковина" на В. Николески и "Мојата татковина" на Надежда Жагар. Малиот "Танец" под водство на Ксенија Менковска изведе модерна кореографија, а "Бисечињата" распеано, заедно со членовите на Организацијата на музички изведувачи ја исполнија песната од Мајкл Џексон, верзија на Тоше Проески "Да го спасиме светот". Следуваа "Вардарките" со сплет на македонски песни. Гости на концертот беа солистите: Данијел Дозет со "Тајно моја" од Т. Проески, дуетот Барбутови од Евангелскиот теолошки факултет во Осиек, Милка Мaѓарик со прекрасната "Зајди зајди" и Кристина Крушељ со песната "Бор садила мома Евгенија". Сите тие ја кренаа публиката на нозе. Но, со настапот на СКУД "Св. Сава" од Тења, со сплет ора од Срем прославата се приближи кон својата кулминација. Тогаш на сцената стапија нашите пријатели од КУД "Илинден" од Риека со "Егејски игри", ора од егејскиот дел на Македонија. Нивниот танц беше прекрасна демонстрација на богатството на македонската културна и музичка традиција. На тоа повторно се надоврзаа домаќините, големиот "Танец" и со "Виртуозните македонски ора" во кореографија на Милан Цвијановиќ ја означија кулминацијата и воедно крајот на оваа убава вечер. Традиционалниот крај со "Македонско девојче" во изведба на Милка Маѓариќ ја измами целата публика да се фати во оро.

Закуската подготвена од кулинарската секција на МКД "Браќа Миладиновци" беше шлаг на тортата: вредните раце на членките на оваа наша секција уште еднаш потврдија дека ниту еден роденден не е потполн, ако го нема вкусот на Македонија!

**Понеделник, 26. 10. 2009 година**

Отворање на етно изложбата во осиечкиот потходник, галерија "ОКО". Тој простор што во други прилики е едноставен, сега беше богат: гореше аловата од домашните веленца и прекривки, а меѓу меко распосланите дифтици (јамболии) беа наредени предметите за домашна употреба: авани, тави, грнења, стомни. Меѓу педесетината експонати имаше и накит, токи, носии, кошули, фути, елеци, цело едно мало богатство на македонски спомени од домовите на Македонците и Македонките во Осиек од речиси цела Македонија: од тетовско до штипско, од скопско до битолско. За оваа прекрасна изложба која траеше до 31 октомври, голема благодарност на отворањето и беше упатена на етно работилницата "Везилки" на МКД "Браќа Миладиновци" и нивната водителка, Марија Чинчурак.

**Среда, 28. 10. 2009 година**

Повторно убавина, но овојпат и за очи и за уши: во истата галерија, "ОКО", најнапред беше отворена изложбата на цртежи "Цркви и манастири во Македонија" на Марјан Ризовски, а потоа гостите се префрлија во книжарницата "Нова" каде концерт одржаа Пламенка Трајковска на виолина и Билјана Петровска на пијано, сите од Македонија. Овие гости оставија длабока трага врз присутните: цртежите беа одлично дополнување на амбиентот на етно изложбата и го донагласија она карактеристичното во Македонија, преплетот на бои и градби, уметничкото и умешното. На концертот пак, композициите ни ги исполнија срцата со крешендо од тонови од странски и домашни автори, меѓу кои и Драган Шуплевски и Стојан Стојков, можеби за прв пат слушнати во Хрватска. Следуваше дружење со уметниците и претставниците на манифестацијата "Гоцеви денови" кои ни ги донесоа овие содржини – во просториите на хотелот "Кланец", со песна и закуска, и размена на благодарници и подароци – сé на сé, уште една прекрасна вечер.

**Четврток, 29. 10. 2009 година**

Предавање на проф. д-р Васил Тоциновски од Р. Македонија, "Кочо Рацин – глас на иднината" по повод 70 години од печатењето на неговите "Бели мугри" во Самобор, Хрватска. Низ своето излагање уважениот професор истакна неколку факти: важноста на јазикот за градењето на идентитетот, значајноста на Кочо Рацин и неговото творење на современ македонски јазик, врските меѓу Македонија и Хрватска и поддршката на хрватските пријатели на печатењето на оваа збирка и важноста на "тројството Мисирков – Конески – Рацин за секој Македонец, како наша гордост и радост, зашто тие се основата на нашето себепочитување и културен и јазичен идентитет".

**Сабота, 31. 10. 2009. година**

Затворање на изложбата на етно работилницата "Везилки" на МКД "Браќа Миладиновци" мина тивко и радосно, и го означи крајот на овој месец, со кој не завршува прославата на роденденот на МКД "Браќа Миладиновци"!

Имено, следуваат проекции на филмовите на авторот Тихомир Стојановски во салата на "ОГИ" на 19-ти и 20-ти ноември со што ќе се заокружи годината во која нашето Друштво на прекрасен начин ги одбележа своите 15 години постоење и делување во Осиек и пошироко.

Затоа, останете со добро здравје до скоро читање за новите активности на Македонците во Осиек!

Јулијана Младеновска – Тешија

# 10 ГОДИНИ НА МКД “БИЛЈАНА” ОД ЗАДАР

*По повод јубилејот беше презентирана изложба на етно експонати*

На 21 октомври годинава МКД “Билјана” од Задар го прослави својот десетгодишен јубилеј. Овој настан го славевме целава оваа година, задоволни и среќни, зошто тоа е значаен јубилеј на нашето Друштво.

По тој повод, со денови беше подготвувана изложбата на етно експонати, на која беа прикажани поставки на сите македонски друштва во Р. Хрватска. Изложбата се одржа под покровителство на Заедницата на Македонците во Р. Хрватска, а со средствата од Советот за национални малцинства при Владата на Р.Х.

Изложбата започна со свечено отворање на Народниот плоштад во Задар, за што беа заслужни нашите драги гости од пејачката група “Македонија” од Сплит. И кога почнаа првите тактови на музиката, се фатија нашите членови и заиграа оро – оро македонско, а многумина од присутните заиграа заедно со нас. Убавите звуци на македонската народна песна го обвија целиот плоштад, а топотот на веселите и вешти нозе уште повеќе ја истакнуваа музиката.

Целата поворка, пеејќи полека почна да се сели во Народниот музеј, каде беше поставена изложбата. Задарската жупанија ни овозможи да ја поставиме изложбата во еден така прекрасен простор кој дава специфична слика токму за овој вид изложби.

Меѓу присутните беа и: директорот на Народниот музеј, Хрвоје Перица, амбасадорот на Р. Македонија во Р. Хрватска, Данчо Марковски со сопругата и советникот во амбасадата на Р.М. во Р.Х., Данчо Петровски, претседателот на Заедницата на Македонците во Р. Хрватска, Ангел Митревски, задарскиот жупан Стипе Зрилиќ, раководителот за култура во Управата на градот Задар, Радован Дунатов, претставници од сите национални малцинства во Задарската жупанија и... многу други гости од градот и наши сонародници.

Отворањето на изложбата започна со звуците на кларинетот што го свиреше нашиот млад член Иван Андријевиќ, а продолжи со рециталот на водителката на литературно-драмската секција на друштвото, Еми Лонгин, со нејзина авторска песна “Билјана” – посветена на истоименото друштво.

Потоа, гостите ги поздрави директорот на Народниот музеј, Х. Перица, а посебно претседателката на МКД “Билјана”, Мирјана Мајиќ, која со ведро лице од среќа и задоволство ги поздрави присутните и медиумите, и се заблагодари на сите МКД-а во Р. Хрватска на учеството и големата помош што ја дадоа во поставувањето на оваа изложба. Притоа нагласи дека на овој ден со нас се и Македонците од Осиек, кои деновиве го слават својот јубилеј, па им посака уште многу години успешна работа.

Претседателката на МКД “Билјана”, М. Мајиќ, топло им се заблагодари на присуството на сите гости, а посебно изрази големо задоволство на соработката со Задарската жупанија. Потоа, му даде збор на претседателот на Заедницата на Македонците во Р. Хрватска, А. Митревски, кој не го криеше задоволството за оваа одлично концепирана и посетена манифестација во Задар, па изрази желба и во иднина Македонците во Хрватска да се промовираат на што поубав начин.



*Дел од изложените етно експонати на изложбата*

На присутните им се обрати и амбасадорот на Р. Македонија во Р. Хрватска, Н.Е. Данчо Марковски. Тој рече дека му е мило што може да присуствува на еден ваков значаен проект за друштвото “Билјана” и ги поздрави сите присутни, за што доби голем аплауз. На задарското Друштво му посака многу плодни и добри години.

На жупанот на Задарската жупанија, Стипе Зрилиќ, му припадна честа да ја отвори изложбата, при што рече дека му е мило што Жупанијата има одлична соработка со македонското малцинство, па се надева дека таа и во иднина ќе продолжи на взаемно задоволство. “Секое малцинство на свој единствен начин го збогатува културниот живот на оваа Жупанија”, рече С. Зрилиќ и ја прогласи изложбата за отворена.

Со звуците на македонската песна која постојано се слушаше во позадината, присутните имаа прилика да погледаат не мал дел од нашето културно наследство. На изложбата беа претставени народни носии од сите краеви на Р. Македонија, грнчаријата што ја работеле вредните раце со љубов за да преживеат многу поколенија, разновидни везови, накит… од сé по нешто што членовите на Друштвото го донесоа од нашата татковина или она што нé научиле да го создаваме нашите мајки, баби, прабаби. Шарени носии за свечени прилики, прекрасни везови за секој ден и празник… уникатен накит… Сето тоа ги остави посетителите без здив, а нас Македонците нé врати во некое минато време.

Многу граѓани на овој прекрасен град дојдоа да ја погледаат изложбата, која и од страна на медиумите беше проследена со голем интерес.

Мораме да нагласиме дека куклите за носиите ни ги позајми Средното училиште за применета уметност, на што Друштвото многу им благодари. Исто така, му благодариме и на бошњакот Емсуд Беговиќ кој ни позајми неколку кукли. Поради успешноста на манифестации што предизвикуваат ваков интерес, се гордеам што сум Македонка!

Еми Лонгин

# Одбележување на 11 Октомври во Хрватска

## ДАТУМ КОЈ НÈ ПОТСЕТУВА
### Џокерот на Нимиц



*Огнен Бојаџиски во Сплит*

По повод 11 Октомври – Денот на антифашистичкото востание во Македонија, во Европскиот дом во Сплит беше организирано пригодно предавање на проф. Огнен Бојаџиски, кој на специфичен начин се обиде да ни доближи дел од историјата на македонскиот народ. Неговите гледишта и ставови предизвикаа особен интерес кај присутните, а меѓу припадниците од македонското национално малцинство во Хрватска имаше и претставници на Хрватите, Србите, Словенците... Бидејќи многу млади луѓе малку знаат за антифашизмот, предавањето беше повеќе од корисно.

"Во историјата не смее да има лага. Може да лажете долго време, но ќе дојдат други луѓе кои ќе откријат," ставот е на Бојаџиски за извртените и лажно прикажани делови од историјата на македонскиот народ. Бојаџиски, пренесувајќи ги зборовите на Коле Чашуле, во однос на македонската револуција вели дека таа претставува желба за создавање хумано општество. "Тоа е многу едноставно. На Запад кога ќе кажете револуција, мислат дека тоа е колење, тепање, но нашата револуција е друго нешто. Суштината на македонскиот антифашизам е да се опстои, да се сочува човештвото. Во тоа е иднината, секое друго обезвреднување на било кој, доведува до некои состојби, а македонскиот народ многу се напатил," рече Бојаџиски и додаде дека она што е битно за нашиот народ е што македонското творечко битие успеало да ги возобнови своите творечки сили и да опстојува.

Во однос на проблемот што со години ја мачи Македонија со спорот околу името со Грција што се појави како вистинска пречка на патот кон толку посакуваните евроатлански интеграции, Бојаџиски рече:

"Како што е познато преговорите што ги води модераторот Нимиц се приведени кон крај и само се чека конституирањето на грчкиот парламент и Влада за да се објават тие резултати. Нимиц како и неговиот легендарен и мудар презимењак, адмиралот Нимиц, некогашен воен лидер на САД, преговарач со мошне богато искуство, Грција ја доведе во тап агол со една обична прагматично воена досетка кога на грчките преговарачи им ги посочи уште во почетокот на преговорите старите воени карти и географско-историски имиња на македонскиот простор. Во тие воени извори, македонскиот простор уште од византиски времиња, отомански и по избивањето на источната криза 1853/6 Македонија се третира како единствен историско географски простор со три региони: Јужна или Приморска Македонија, Северна или Планинска Македонија и Источна или Пиринска Македонија. Успеал дури да најде и карти на Генералштабот на Австриско унгарската војска од 1688 година па сè до 1908 година во која постојат само два региона – Планинска и Низинска Македонија, односно Јужна и Северна. Неговите експерти ја пронашле и картата на Македонија што ја издал Македонскиот научен институт во Софија во 1924 година. И така вооружен ја одбрал варијантата Република Северна Македонија укажувајќи им на Грците дека тие ја освоиле во 1912 година Јужна Македонија и дел од Тракија. Во однос на техничкото време за премин и употреба на поимот Северна предложил 3 до 5 години, што е меѓународен стандард. Се разбира, нашиот адмирал

Нимиц не би бил како оној Нимиц што ја победи јапонската пацифичка флота за време на Втората светска војна, ако нема џокер во раката – а тоа е дека повеќе од половина членки на ООН ја признале Република Македонија како Република Македонија. Тоа значи дека Советот за безбедност на ООН, доколку Грција го прифати или не конечниот предлог, може да отвори дебата на Генералната асамблеја и со мнозинство да се прифати предлогот на Нимиц. Од друга страна, на Грција и се брза, и исцрпена од кафеански и чаршиски дернек, ќе сака што побргу да го покаже новото лице, а каде и што побргу, ако не во меѓусоседските односи со Македонија и Турција. На предавањето во Европскиот дом Бојаџиски меѓу другото се задржа и на Охридската архиепископија, на егзодусот на Егејците од Грција, на фашистичките окупатори, на поделбата на Македонија.

По предавањето, Македонците во Сплит организираа и македонска вечер, каде го продолжија дружењето.

М. Георгиевска



*Михаило Давчевски со њјастарите првоборци од Риека*

## 11 ОКТОМВРИ ОДБЕЛЕЖАН ВО РИЕКА

"Секој историски настан, епоха, секоја личност ги носат со себе своите белези, значење и континуитетот. Таков е и 11 Октомври – Денот на востанието и Денот на борецот на македонскиот народ, што извојува историски чин, оствари македонска национална самобитност и слобода."

Со овие и многу повеќе изговорени зборови претседателот на Советот на македонското национално малцинство, Михаило Давчевски, на 10 октомври годинава пред бројните сонародници во Клубот на македонските здруженија во Риека говореше за 11 октомври 1941 година. Давчевски говореше и за сегашните зафати кои ги прави Македонија во подготовките за приклучување кон Европската заедница, но и со напорите да се надмине проблемот и спорот со соседна Грција околу името. При своето обраќање Давчевски ги спомна и напорите кои ги прави дијаспората, нагласувајќи го моменталниот пример со поттикот од нашите здруженија да се воспостават контакти меѓу градовите Риека и Битола, со потпишување Спогодба за пријателска соработка меѓу градовите.

На крајот ги поздрави присутните, а особено најстарите членови на МКД "Илинден" и учесниците во НОБ на Македонија – Дане Данески од Кавадаречко и Серафин Тренески од Галичник, кои говореа за нивното вклучување во партизанските единици, но и за нивните патешествија во борбите и по завршувањето на востанието.

Одбележувањето продолжи со програмски дел во кој КД "Илинден" настапи со песните: "Ој, Вардаре Македонски" и "Слушам кај шумат шумите".

В. Настески

## 11 ОКТОМВРИ ВО ЗАДАР

Токму на денот, во неделата на 11 Октомври 2009 година, македонското културно друштво "Билјана" од Задар, се собра да го прослави националниот празник.

Се чини дека неговите членови едвај чекаат причина за веселба и прослава. Се разбира, сите имаа задача да донесат по нешто домашно за масата. Така со полна трпеза од солени и благи јадења одбележувањето на празникот ја постигна својата цел.

За овој македонски празник неколку зборови кажа претседателка на "Билјана", Мирјана Мајиќ, и притоа им го честита празникот на сите. Воедно, празникот го честита и претседателот на Дијабетичкото друштво Задар, Серѓо Мичиќ, а за оваа пригода донесе две шишиња шампањско вино, со кое сите наздравивме. Се заори песна, се заигра оро, оро македонско.

Е. Лонгин

# Две години од смртта на Тоше Проески

**Нова Градишка**

## ВЕНЦИ ЗА ТОШЕ



*НЕ Марковски со фановите на Тоше*

Делегација на Амбасадата на Р. Македонија во Р. Хрватска предводена од Н.Е. Данчо Марковски, на 16 октомври годинава положи цвеќе на местото каде пред две години во сообраќајна несреќа животот го загуби Тоше Проески. На церемонијата присуствуваа и челници на градската управа на Нова Градишка, како и хрватскиот продуцент на Тоше, Мирослав Рус.

М. А. В.

**Загреб**

## МОЛИТВА ЗА МОМЧЕТО СО АНГЕЛСКИ ГЛАС

***Две долги години минаа, утеха не најдовме... си замина без поздрав, не скрши... илјадници солзи само за тебе течат, души празни, срца стиснати... тешко е, претешко...***

– "Овде го наоѓам својот мир. Каде и да одам, знам дека по сè, тука ќе завршам." Ова се зборовите на Тоше што ги изговори пред повеќе од две години таму некаде, високо, на Баба планина кај Крушево, потпрен на ѕидот на Манастирот "Св. Преображение", чие довршување остана како една неостварена желба на момчето по кое сега тагува Крушево и Македонија, Загреб и Хрватска... цел Балкан. Кога по кобната смрт на Тоше ја гледаме оваа негова порака, несвојствена за некого што имал само 25 години и чекорел кон светската слава, а на ваков начин размислувал за неизбежните моменти, едно станува јасно: со таква смиреност и преданост кон Бога, може да говори само вистински верник. А Тоше беше токму тоа. Човек со стакло чиста душа...



*Помен за Тоше во Загреб*

Со овие неизмерно тажни, но сепак горди и милозвучни зборови, парохискиот свештеник на Македонската Православна Црква во Р. Хрватска, протојерејот Кирко Велински, ја започна молитвата за нашиот непрежален Тоше Проески, нашето македонско момче со ангелски глас. Две долги години минаа откако смртта не оддели од него, иако тој и понатаму живее и ќе живее во срцата на милиони луѓе – луѓе кои го сакаа и кои и денес ги следат неговите стапки, продолжувајќи ја неговата бескрајна добрина преку хумани дела. Многу од тие луѓе сакаа на Тоше да му оддадат почит и дојдоа да се помолат за неговиот вечен спокој, таа вечер, на 16 октомври 2009 година, во црквата "Св. Кирил и Методиј" на Горниот град во Загреб. Сите собрани заедно, со насолзени очи, но со насмевка на усни, мирно и тивко во еден глас молеа "Оче наш" и на хрватски и на македонски... кој како умееше и знаеше... во различна вера, но со иста мисла, сплотени сите во единствена молитва. А потоа, рецитал за Тоше, стихови од срце напишани, емотивно интерпретирани, до самото небо да се чујат... и безброј напишани прекрасни спомени во книгата на жалост... па малку лепче и жито... за душа...

Тоше, засекогаш ќе останеш светла искра во нашите животи, во нашите срца... таму каде и припаѓаш! Нека ти е вечен спокој и слава, таму горе, во небескиот дом на Божјото царство...

Е. П.

**Риека**

## ПОМЕН ЗА МАКЕДОНСКИОТ ИДОЛ

Обожавателите на човекот со ангелски глас можат да го вратат времето само слушајќи ги песните, а со тоа и гласот на починатиот идол. Неговите хитови, постери,

песни постојано се вртат во јавните гласила, радијата, телевизиските станици. Цела Македонија, но и пошироко со болна тага се потсетија на 16 октомври 2007 година кога прерано се угаси животот на најголемата македонска ѕвезда Тоше Проески.

МПЦО "Св. цар Константин и царица Елена" во Риека, а во соработка со Фан Клубот на Тоше Проески и оваа година организираа богослужба во храмот на Мајка Божја Трсатска по повод годишнината од смртта на Тоше Проески. Потоа, голем број почитувачи на Тоше, но и бројни членови од Фан Кубот се упатија во Капелата на заветни дарови на храмот.

Во Капелата претседателот на МПЦО, Илија Христодулов, во своето обраќање се заблагодари на тошевите почитувачи, а особена благодарност упати на патер Луцио Јагес, раководителот на храмот за богослужбата, но и за гостопримството. Христодулов со неколку пригодни збора потсети за длабоката трага што Тоше ја остави во Риека, каде беше почесен гостин и искажуваше желба во иднина да живее на овие простори.

Амалија Домитровиќ, водителката на Фан Клубот, емотивно говореше за Тоше. На почетокот во нејзиното сеќавање рече: "Toše Proeski bio je velika glazbena zvijezda, ne samo u rodnoj Makedoniji već i u okolnim državama. Ušao je u naše živote, koje su našle put do naših srca. I pjevao je svoje pjesme, koje su izgledale kao molitve i poruke svima nama... da ih sada slušamo... tugujemo i radujemo se uz njih... prateći trag njegovih poruka u njima... zauvijek! "

Собирот во Капелата заврши со настапот на групата "Илинденки" со песната "МОЛИТВА", посветена на Тоше, а продолжи во просториите на МКД "Илинден" каде беа проектирани спотови на Тоше. Притоа се разговараше и за активностите на Фан Клубот од Риека, а Бојана Копајтиќ рече дека на 5 октомври годинава група фанови во Крушево на родителите на Тоше им врачија поклон Сертификат ѕвезда, која го носи неговото име. Фановите од Загреб, со доброволни прилози купиле и кларинет на кој е изгравирано името на Тоше и им го подариле на Средното музичко училиште во Загреб. Фан клубовите во Хрватска бројат околу 9 илјади члена.

Членовите на фолклорната и пејачката група на МКД "Илинден" во придружба на риечкиот Фан Клуб дента го посетија Домот на деца и младеж Краљевица – Оштро. Во домот Илинденците одржаа пригодна



*Риечка песна на Илинденките за Тоше*

културно-забавна програма и им подарија на корисниците од Домот играчки, прибор за цртање, алишта и голема торта. Дел од даровите ќе им припадне на Каритасовиот дом за жени и деца жртви на семејни насилства "Св. Ана" што Проески лично го посетуваше и го помагаше.

В. Н.

Кривичниот суд во Скопје на 21 октомври 2009 му одреди казна затвор од две години на Ѓорги Ѓорѓиески, возачот на џипот „Туарег", во кој пред две години загина македонската музичка ѕвезда Тоше Проески.

Според обвинителството Ѓорѓиески во моментот на несреќата возел со 152 километри на час, што било спротивно на одреденото ограничување на брзината. Во услови на намалена видливост и неприлагодена брзина на коловозот Ѓорѓиески задоцнето го почнал претекнувањето што било главната причина за ударот. Обвинителството побара Ѓорѓиески да биде казнет поради небрежност.

Одбраната на Ѓорѓиески, повторно посочи на контрадикторноста во вештачењето на џипот укажувајќи дека голем пропуст е што во целиот судски процес не се појавил возачот на камионот Славиша Кузмановиќ, кој не само што бил сведок, туку бил и втор учесник во несреќата.

„Не сме задоволни од пресудата и се што имаме да кажеме понатаму ќе го наведеме во жалбата до Апелациониот суд. Жално е ова што се случи, македонското судство и понатаму покажува дека треба да се реформира", изјави по објавувањето на пресудата за Ѓорѓиески неговата адвокатка Силвија Цилвициева.

“Утрински весник”, 10.11.2009.g.

## Примерок од репринтот на “Бели мугри“ подарен на МАНУ



*Напретседателот на МАНУ, Георги Старделов книгата му ја предаде Ангел Митревски, претседател на Заедницата на Македонците во Хрватска*

Заедницата на Македонците во Република Хрватска откако во октомври го промовираше репринтот на стихозбирката “Бели Мугри“ во Самобор, овој месец ќе реализира низа активности во Македонија. Активностите почнаа вчера со подарувањето на примерок од ова издание на Македонската академија на науките и уметностите, а во Велес на свеченоста посветена на овој голем македонски поет, ќе говори академик Катица Ќулавкова.

Репринтот на стихозбирката на Кочо Рацин, која во печатницата на Драгутин Шпулер беше објавена во Самобор 1939-тата година, ја објави Заедницата на Македонците во Република Хрватска, а ја потпишуваат еминентни публицисти и универзитетски професори. Повод за објавувањето на репринтот е одбележувањето на седумдесет годишнината од објавувањето на “Бели мугри“ на Рацин на македонски јазик пред Втората светска војна, кога Македонија беше поделена од своите соседи, а македонскиот беше забранет дури и во приватните домови. (Н.П.)

## Свечена промоција на репринтот на “Бели мугри“ во Велес



*Спомен-домот на Кочо Рацин во Велес*

**ВЕЛЕС**- Промоција на репринтот на Рациновите “Бели мугри“ во чест на одбележувањето на стогодишнината од раѓањето на поетот и седум децении од нејзиното излегување од печат, завчеравечер се случи во родниот град на поетот, Велес.

Претставниците на македонската Заедница од Хрватска, годинава, за да го одбележат јубилејот се одлучиле да го издадат репринтот зошто многу сонародници од Хрватска имале желба да ја имаат збирката песни, која во 1939 година излегла од печатницата на Шпулер во Самобор. “Си поставивме за цел да го издадеме репринтот, но не сакавме тој да биде само копија или фотокопија на она што е направено тогаш, туку сакавме да биде доволно оригинално, па се потрудивме првиот дел од оваа збирка да биде во оригиналниот печат каков што бил во 1939 година“- рече Ангел Митревски, претседател на Заедницата на Македонците во Република Хрватска. “Со оваа стихозбирка, потенцира Митревски, се покажуваат историските врски меѓу македонскиот и хрватскиот народ. Сакајќи да ги задржиме врските со татковината своите корени и национален идентитет, богатство на нашите сограѓани од Сплит, Загреб, Осиек, Пула, Задар и Риека, ние се трудиме секоја година да одбележиме значајни денови на традицијата на нашата писменост и култура и на современ начин покажеме кој сме и што сме, во најдобро светло на еден начин да бидеме Амбасадори на Република Македонија во Република Хрватска.“

Во репринтот покрај збирката се внесени и осврти од академици од Хрватска, дел од излагањето на академик Блаже Ристовски, како и осврт на професор Огнен Бојаџиски за делото, но и значењето на Кочо Рацин за македонската поезија на почетокот на минатиот век.

Покрај оваа промоција во Велес, книгата ќе биде свечено промовирана и во Хрватска. Според Хрвоје Франкиќ, заменик на градоначалникот на Самобор, “на 27 и 28 ноември во Самобор во музејот, на Кочо Рацин Заедницата на Македонците во Република Хрватска свечено ќе ја промовира збирката. Покрај тоа пред музејот ќе биде поставена нова биста на Кочо Рацин која е подарок од академик Томе Серафимовски, а која ќе ја замени старата биста. Ќе има свечена програма на која ќе настапат културно уметнички друштва од Македонија и од Хрватска”.

Репринтот на Рациновите “Бели мугри” е отпечатен во илјада примероци, но поради големиот интерес најверојатно и следната година ќе биде направен нов тираж.

Целокупната манифестација за промоција на книгата “Бели мугри” се одвива со поддршка на градовите Велес и Самобор, како и Владата на Република Хрватска. (С.Ќ.Н.)

“Дневник”

## Репринт од “Бели мугри” промовиран во Велес

Репринтот на оригиналното издание на “Бели мугри” беше промовиран во салата “Бели мугри” во Велес. Тоа го направи Заедницата на Македонците во Хрватска во чест на 70-годишнината од издавањето на делото на Коста Солев-Рацин отпечатено во Самобор. Велат дека на овој начин сакаат да ги сочуваат корените, националниот идентитет и културното богатство со кое се гордеат.

- Многумина од Македонците во Хрватска изразија желба во годината на големиот јубилеј да го имаат изданието во своите домови, како идентификација со нашите корени и блиските врски меѓу македонскиот и хрватскиот народ. Со ова го исполнуваме заветот да го сочуваме македонското кај секој од нас. Македонците имаат што да покажат, освен двете “Т” (тапани и тавче-гравче) - изјави Ангел Митровски, претседател на Заедницата на Македонците во Хрватска, на промоцијата на репринтот.

Тоа не е обично копирање на првото издание, на кое ја има и цената од 5 динари по која тогаш се продавало, туку е збогатено со текстови на академиците Горан Калоѓера и Огнен Бојаџиски за авторот Рацин и за неговото дело. Изадено е благодарение на владата на Република Хрватска која ја финансира и централната прослава, манифестацијата Рациновите денови 2009.

Тиражот од илјада примероци на репринтот е веќе распродаден, поради што на почетокот од наредната година се најавува уште едно издание. Стихозбирката “Бели мугри” е испечатена на 25 ноември 1939 година во печатницата на Драгутин Шпулер во Самобор во 4.000 примероци. Според тогашната практика, насловот е испечатен со црвени букви, а поради опасноста да се дознае идентитетот на авторот, Коста Солев ја објавува под “К. Рацин”. Стихозбирката брзо се пласира во целата тогашна Југославија и во Пиринска Македонија и постигнува голем успех. Стихозбирката опфаќа 12 песни со социјален карактер. (П.П.)

# ГЕОГРАФСКИ И ДРУГИ ИМИЊА

***Во претходниот број на „Македонски глас“ прикажани се именките и придавките што започнуваат со буквите Л, Љ и М. Во овој број ќе зборуваме за некои од имињата кои почнуваат на буквите Н, Њ, О и П. Тоа се имиња на држави, народи, градови, на нивните жители и односните придавки изведени од нив.***

## Н

**Најроби;** *најробиец -ијци; најробијка; најробиски.*
**Намибија;** *Намибиец -ијци; Намибијка; намибиски.*
**Науру;** *Наурец -рци; Наурка; науурски.*
**Неапол;** *неаполец -лци; неаполка; неаполски* и *неаполитанец -нци; неаполитанка; неаполитански.*
**Неготино;** *неготинец -нци; неготинка; неготински.*
**Непал;** *Непалец -лци; Непалка; непалски.*
**Нигер;** *Нигерец -рци; Нигерка; нигерски.*
**Нигерија;** *Нигериец -ијци; Нигеријка; нигериски.*
**Нијагара;** *нијагарски.*
**Никарагва;** *Никарагванец -нци; Никарагванка, никарагвански.*
**Никозија;** *никозиец -ијци; никозијка; никозиски.*
**Нил;** *нилски.*
**Нирнберг;** *нирнбержанец -ни; нирнбержанка; нирнбершки.*
**Ниш;** *нишлија -ии; нишлијка; нишки.*
**Нов Зеланд;** *Новозеланѓанец -ни* и *Новозеландец -дци; Ново-зеланѓанка* и *Новозелантка; новозеландски.*
**Нови Сад;** *новосаѓанец -ни; новосаѓанка; новосадски.*
**Норвегија** и **Норвешка;** *Норвежанец -ни; Норвежанка; норвешки.*
**Нормандија;** *Нормандиец -ијци; Нормандијка; нормандиски.*
**Нубија;** *Нубиец -ијци; Нубијка; нубиски.*

## Њ

**Њу Делхи** и **Делхи;** *њуделхиец -ијци; њуделхијка; њуделхиски.*
**Њујорк;** *њујорчанец -ни; њујорчанка; њујоршки.*

## О

**Об;** *опски* и *обски.*
**Обединети Арапски Емирати.**
**Обединето Кралство Велика Британија и Северна Ирска.**
**Овче Поле;** *Овчеполец -лци; Овчеполка; овчеполски.*
**Огражден;** *огражденски.*
**Одеса;** *одески.*
**Одра;** *одарски.*
**Океанија;** *океаниски.*
**Оксфорд;** *оксфордски.*
**Оман;** *Оманец -нци; Оманка; омански.*
**Отава;** *отавец -вци* и *отавјанец -ни; отавка* и *отавјанка; отавски.*
**Охрид;** *охриѓанец -ни; охриѓанка; охридски; Охридско Езеро.*

## П

**Пакистан;** *Пакистанец -нци; Пакистанка; пакистански.*
**Палестина;** *Палестинец -нци; Палестинка; палестински.*
**Панама;** *Панамец -мци; Панамка; панамски; Панамски(от) Канал.*
**Панонија;** *Панонец -нци; Панонка; панонски.*
**Папуа Нова Гвинеја;** *Папуанец -нци; Папуанка; папуански.*
**Парагвај;** *Парагваец -ајци; Парагвајка; парагвајски.*
**Париз;** *парижанец -ни; парижанка; париски.*
**Патагонија;** *Патагонец -нци; Патагонка; патагонски.*
**Пацифик;** *пацифички; Пацифички Океан.*
**Пекинг;** *пекинжанец -ни; пекинжанка; пекиншки;*
**Пелагонија;** *пелагониски.*
**Пелистер;** *пелистерски.*
**Пелопонез;** *Пелопонежанец -ни; Пелопонежанка; пелопонески.*
**Пенсилванија;** *Пенсилванец -нци; Пенсилванка; пенсилваниски.*
**Пенџаб;** *Пенџабец -апци; Пенџапка; пенџапски.*
**Перник;** *試ернички.*
**Персија;** *Персиец -ијци; Персијка; персиски.*
**Перу;** *Перуанец -нци; Перуанка; перуански.*
**Петрич;** *петричанец -ни; петричанка; петрички.*
**Пеќ;** *пеќски.*
**Пехчево;** *пехчевец -вци; пехчевка; пехчевски.*
**Пинд;** *пиндски.*
**Пирин;** *Пиринец -нци; Пиринка; пирински; Пиринска Македонија.*
**Пиринеи;** *пиринејски.*
**Пјонгјанг;** *пјонгјаншки.*
**Пловдив;** *пловдивчанец -ни; пловдивчанка; пловдивски.*
**Пном Пен;** *пномпенски.*
**Подгорица;** *подгоричанец -ни; подгоричанка; подгорички.*
**Полинезија**; *Полинезиец -ијци; Полинезијка; полинезиски.*
**Полог;** *полошки.*
**Полска**; *Пољак -аци; Пољачка; полски.* **Пореče;** *Поречанец -ни; Поречанка; поречки.* **Порто-о-Пренс;** *портопренски.*
**Порторико;** *Порториканец-пца;Порториканка; порторикански.*
**Португалија;** *Португалец -лци; Португалка; португалски.* **Потсдам;** *потсдамски.*
**Преспа;** *Преспанец -нци; Преспанка; преспански; Преспанско Езеро.*
**Прилеп;** *прилепчанец -ни; прилепчанка; прилепски.* **Приштина;** *приштинец -нци; приштинка; приштински.* **Прованса;** *Провансалец -лци; Провансалка; провансалски.* **Прусија;** *Прус; Прусинка; пруски.*
**Пчиња;** *пчињски.*

(продолжува)

Марија Георгиева-Петриќ
судски преведувач за македонски јазик

(Според *Правописот на македонскиот литературен јазик,* Скопје, 1999)

# РАТКО ДИМОВСКИ ВО „L' Ecole militaire"



*Поетот и дописник на "Македонски глас" со специјална покана учествуваше на симпозиумот "Новите погледи кон стратешките мислења на Франција и Европа". Ова се неговите импресии од настанот*

Почетокот на овој септември годинава не ми ветуваше ништо особено: здравјето ме загрижи, па поради чир во желудникот морав да минам неколку дена во болница. Уште не се прибрав од овој стрес, а по 10 дена се најдов во вистинска дилема кога на 16 септември добив покана од "L' Ecole militaire" – Воено училиште во Париз, да присуствувам на научен симпозиум на тема "Новите погледи кон стратешките мислења на Франција и Европа", кој на 6-ти октомври ќе се одржи во амфитеатарот "Генерал Фош". За мене долго и скапо патување, во моментите кога не се чувствував најдобро. На следната порака се запрашав: "Каде токму мене ме одбраа од сите Европјани да им се мислам за сите гајлиња?", па ја прашав една колешка, која ми рече: "Си го имаш кабаетот, односно вината. Собери сили, треба да одиш затоа што тоа е собир на видни луѓе и со над 500 учесници од Европа и светот". Потоа веднаш го потврдив своето присуство во Париз.

Списокот на учесниците на собирот беше импозантен, а тоа ми даде идеја пред нив да го поставам прашањето за името и статусот на Република Македонија. Околу тоа и, се разбира, за најважното прашање – финансирањето на ова патување, се договарав со сите релевантни фактори на асоцијациите на Македонците во Пула, Истра и Република Хрватска, како и претставничките тела на РМ во РХ и од сите нив добив формално одобрување и разбирање, но никој од нив не ми понуди финансиска помош. Потоа, се обратив на приватните бизнисмени во Пореч кои ми обезбедија неповратни 2.000 куни.

## Преку булеварите до "L' Ecole militaire"

Така, некаде по полноќ се најдов пред Военото училиште "L' Ecole militaire" во Париз. Го испив кафето и го прегледав експозето, што го бев подготвил на македонски и француски јазик. Имав намера да зборувам македонски, додека францускиот текст би им послужил како за превод. Студен ветер и дожд животот ми го загорчуваа, од наочарите го загинав шрафчето и ништо не остана од ползување на пишаниот експозе, па ќе морам да се послужам со своето знаење на францускиот јазик. Шетав по осветлените париски булевари и авении и така ми поминаа скоро три часа. Бев мошне измрзнат и наводенет, па одлучив наредните часови да ги минам во метро станицата, следејќи ги возовите, дека преноќиште за толку кусо време не ми требаше. Убаво се завалив во фотелјата и спиев се до 7.30 часот, кога видов дека ја делам судбината со некои Африканци и Азијци, кои исто така овде го чекаа својот момент.

Овојпат се најдов со Радица Бојациева и нашите земјаци во нејзиниот апартман во "Port Yvry", каде ми беше осигурано сместување, а Париз можев да го гледам како од авион.

Следниот ден имав чувство дека преземената обврска морам да ја имам во прв план, уште малку да поработам на својот настап. Затоа одлучив да се пријавам за дискусија меѓу првите во првата сесија. Радица, која го знае ова училиште и мојата намера, ме посоветува: "Што имаш, речи им, но внимавај на аплаузите и овациите, да не се најдеш во непосредна опасност или да те исвиркаат. Биди подготвен на се!"

Работата на симпозиумот се одвиваше според својот план. Притоа, генералот Жан Луј Георгелин во своето излагање ја истакна Франција како нуклеарно, вселенско електронска и техничка велесила во светот, исто така значителни зборови за морнарицата, морнаричката авијација, пешадија и другите компоненти, зборуваа и другите четири учесници во презентирањето на оваа материја и кога заврши ја, веднаш се јавив за дискусија. Еден француски поручник ми го подаде микрофонот, но двајцата се зачудивме кога претседателот на оваа сесија зборот му го даде на друг дискутант. Кога се обиде тоа да го стори по вторпат, момчево растревожено ми рече: Опоменете го и земете си збор. Тоа и го сторив, што сигурно влијаеше врз моето излагање на француски јазик, а гласеше:

"Почитуван господине генерале, господине адмирале, господа министри и ценети дами и господа. Дозволете ми во манира на император, овојпат да зборувам за две земји, Хрватска, од каде е мајка ми и Македонија, од каде е татко ми и моето потекло! Војска, како секоја војска, со нагласување на воените вселенски, ласерски, термички, нуклеанни потенцијали, но денес, кога нуклеарните потенцијали ги имаат Израел, Јужноафричката Република, Северна Кореја, Иран, земјите на индискиот подконтинент, Кина и дел од милитантните терористи и криминалните, за кои не би тврдел дека сите се нуклеарни велесили, се говори дека секако е некое друго време. Треба да почнеме од почеток и да се прашаме, кој ни е непријател, а кои ни се пријатели. Исто така господине адмирале, би забележал дека Атлантикот и Пацификот ви станаа сцени на истакнување на својата стратешка моќ, но вистинските стратешки прашања ви се поврзани со Медитеранот, кои во Северна Африка, Блискиот Исток и кај нас на Балканот, се најголемите нерешени прашања и проблеми, од кои некои со Европа взаемно ги правите. Како инаку да го објаснам фактот дека цело едно подрачје на Балканот и јужна Европа го оставивте како "сива зона" опкружена со шенгенските граници на новите членки, ваши доследни и послушни експоненти. Добиената задача за вршење притисоци врз народите кандидати за влегување во Европската Унија и Евро атланските интеграции, се разни, често безпредметни прашања. Така се оддолговлечува со примањето во ЕУ на Хрватска, со актуелизирањето на прашањата на копнената и морската граница. По вековно заедничко живеење, Хрватите и Словенците не знаат дали им е кокошарникот во една или друга земја и колку риби отпливале од едни во други територијални води. По сè судејќи, обете земји и нивните народи станаа свесни кон тоа што ги води, па бараат можности за заеднички решенија. Истата фарса и беше наместена на Македонија во



*„L' Ecole militaire" во Париз*

Букурешт, каде грчката делегација изрази несогласување со името на оваа нејзина соседна република. Резултат беше што Македонија формално не стана членка на НАТО. Тоа не беше причина македонските војници да не гинат во нејзините мисии. Од каде потекнуваат овие војници и во која земја ќе ги закопаат и оплакуваат најблиските??? Треба ли Грција да ви одреди, како и нам што ни одредува, и тоа не само во овој осамен случај. Ваквата состојба се одразува со апатија и дилема на целото население, кое сè почесто ги преиспитува своите ставови кон интеграцијата, која за сега им наметнува бројни економски проблеми и изолација. Оставате на ова чувствително подрачје "сиви зони" кои стануваат видни цели на многу аспирации и шпекулации. Погрижете се сината европска боја сите да не соедини!"

## VIVE LA FRANCE, VIVE LA MACEDOINE

Видов дека генералот кренал рака да ми го одземе зборот, па засилив: "Почитувани дами и господа! Драги Французи! На 17 овој месец се навршува 91 година од пробивањето на Солунскиот Фронт, кој заедно со нас го пробија вашите херои, прадедовци. Светата земја Македонија, со својата крв ја оросија и коските по неа си ги распослаа. Кој од нив го најдоа и го идентификуваа си доби достоен гроб и верски знак со симболот на Република Франција, во некое од неколкуте француски војни гробишта во Македонија, кон кои Македонците со голема почит и пиетет се однесуваат. Ставете ја раката на срце, а прстот на челото, без грешка ќе ве доведат до Македонија – земјата на Македонците. Патем, не ги прашувајте Грците, дека тие ви се лоши ученици."

Сите ги гледам и сите со отворени усти ме гледаат. Молк како во гробница и во тој момент официрот пред мене, божем се наведнал закривајќи си го лицето со рака, извика: "Браво! Браво!" и затропа со нозете врз душемето. Браво, одекна низ целата оваа огромна сала, во која извикувам, се разбира на француски, "Да живее со векови мојата татковина Македонија, да живее Република Франција, да живее вековното пријателство меѓу нашите земји!"

На големиот одмор, кај споменикот на генерал Фош ми дојде во пресрет министерот Amael Cattaruzza, и извикна "Vive la Macedoine" господине Димовски! "Господ не слушнал! Vive la France господине министре", срдечно се поздравивме. Чекорот е сторен колку можев и каде сум можел, сметам дека и во друга прилика истото би го сторил.

Ратко Димовски

## ПРОСЛАВА ПО ПОВОД 15-ГОДИШНИНАТА НА МАКЕДОНСКАТА ПРАВОСЛАВНА ЕПАРХИЈА ЗА ЕВРОПА



На 26 септември 2009 година, со света Архиерејска Литургија, со која началствуваше Неговото Блаженство Архиепископот Охридски и Македонски г.г. Стефан, во сослужение со Митрополитот Европски г. Пимен и Митрополитот Поварсдарски г. Агатангел и свештенослужителите на Европската Епархија при Македонската Православна Црква, викендот во Мајнц, Германија, со поставување на камен-темелник на нова Македонска Православна Црква "Свети Никола" ја одбележаа 15-годишнината од формирањето на Македонската православна епархија за Европа. Изградбата на овој православен храм е во организација и реализација на МПЦО "Св. Никола" од Мајнц.

"Овде подигнуваме храм во кој што не само Македонците од овој крај ќе живат редовен црковен живот и ќе ја негуваат и чуваат својата посебност, како и идентитетот на поколенијата, туку со него ќе подигнеме и храмови во сите нас, храмови на верата, љубовта и надежта," истакна г.г. Стефан.

На свечениот чин, покрај Македонците од Мајнц и околните места, дојдоа и претставници и од сите црковни општини од Германија и Европа. Оние кои не беа во можност да отидат испратија честитки со желба што побрзо да се изгради црквата. Управниот Одбор на МПЦО "Св. Злата Мегленска" на својот редовен состанок, одржан на 23 септември 2009, донесе едногласна одлука да им помогнеме со парична помош од 300 евра. Забележително беше и присуството на многу Германци – пријатели на Македонија. Свеченоста беше удостоена и со присуството на градоначалникот на Мајнц, Норберт Шулер, амбасадорот на Р. Македонија во Германија, Ѓорѓи Филипов, почесниот конзул Ханс Јурген Бош, директорот на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, Валентина Божиновска и директорот на Агенцијата за иселеништво на РМ, Васил Наумов.

Пред многубројните присутни, градоначалникот на Мајнц, Норберт Шулер, истакна дека е пресреќен што токму во Мајнц се прославува 15-годишнината од Европската епархија при МПЦ и дека Мајнц ќе добие уште едно светилиште, а на Македонците исполнување на долгогодишните желби да имаат свој парохиски дом, но истовремено е и горд што токму и тој е дел од оваа возвишено и богоугодно дело од самиот почеток.

Кирко Велински

## ПРОСЛАВА ПО ПОВОД СВЕТА ЗЛАТА МЕГЛЕНСКА ВО ЗАГРЕБ



"Како сепаленица и жива жртва си се принела на Христа, Твојот женик и сесрдно презирајќи ја срамната измама на мачителите и телесно во огин фрлена, си ја прославила Твојата девствена убавина, гулабице неосквернета, Злато сезлатна, преку твоите молитви да добиеме од Господа бескрајна веселба и голема милост."

Ова година поради реновирањето на Црквата Св. Рок, Божествената литургија по повод денот на нашата заштитница св. Злата Мегленска се одржа во Гркокатоличката црква Св. Кирил и Методиј на Горен град во Загреб. Имено, во таа црква пред 16 години за првпат во Република Хрватска е отслужена Света литургија на македонски јазик. На Светата литургија покрај многубројниот народ присуствуваа: Крижевачкиот бискуп г. Никола, амбасадорот на Р. Македонија во Р. Хрватска, Данчо Марковски со сопругата, советникот Данчо Петровски со сопругата, пречасниот д-р Звонимир Куречиќ, предендар во Загребачката Надбискупија, монсињор Звонимир Секељ, жупник во Св. Блаж и одговорен за црквата Св. Рок, која ја користиме за нашите богослужби, и Кире Лазаров, капетан на Македонската репрезентација во ракомет со семејството, кој и покрај професионалните обврски секогаш наоѓа време да се помоли на Бога, а и да му заблагодари на Бога.

Поради обврските, оваа година не беше во можност да биде помеѓу нас нашиот надлежен Епархиски Архијереј г. Пимен, кој преку парохискиот свештеник протојереј Кирко Велински испрати поздравно слово во кое се вели: "Почитуван протојереј Кирко Велински, почитувани гости, почитувани верници, браќа и сестри во Христа Богочовекот. Во неможност да присуствувам меѓу нашиот верен народ во Загреб

и Хрватска, по молитвите на светата маченичка Злата Мегленска преку Вашиот парохиски свештеник, Ви го испраќам нашиот архипастирски благослов и Ви го честитаме патрон празникот на МПЦО во престолниот град на Р. Хрватска, кој, секако, се надевам и се радувам ќе го одбележите достоинствено и како што прилега со Света Литургија на која заедничариме со Нашиот спасител преку причестувањето со Неговото Тело и Крв, кога сведочиме дека сме Црква во сета полнота и во нашата заедница во Загреб. Празнувањето сигурно ќе продолжи својствено за Вас како што Ве знам и познавам, со христијанска љубов, почитување, разбирање и другарување, за кое сведочите пред пријателите на Македонија и Македонската Православна Црква во Загреб и во цела пријателска Хрватска. Во оваа година кога славиме јубилејот – 15 години од формирањето на Македонската православна епархија за Европа, не можам, а да не го истакнам фактот дека запознавањето со Епархијата која ми беше доверена и започна токму во МПЦО "Св. Злата Мегленска" во Загреб. Затоа, не само по повод патронниот празник секоја година, туку секогаш со радост во срцето ја чувствувам оваа парохија, и секогаш поминувам пријатни денови меѓу Вас, но и помеѓу вашите и нашите пријатели од загрепската Надбискупија, хрватската Влада и градот Загреб кои несебично се вложуваат и помагаат сите овие изминати години, а особено Вашиот парохиски свештеник отец Кирко, кој ја дава полнотата на сите тие залагања. Се надевам дека идниот јубилеј на Европската епархија ќе го прославиме во нов храм на Македонската Православна Црква во Загреб, посветен на светата маченичка Злата Мегленска. Верата, молитвите и пожртвуваноста на светата маченичка нека бидат присутни во нашиот христијански подвиг кон Царството Божјо. По угледот на света Злата Мегленска да го отвориме нашето срце за исповед, да ги отвориме нашите усни за непрестајно молење. Господи Исусе Христе помилуј ме..., но, и да поитаме во радоста на секоја Света Литургија за да се сретнеме и да бидеме едно со Христос Спасителот, да го примаме Него во нашите срца, очекувајќи со Неговата милост да ни го дарува Царството Божјо и вечниот живот. Уште еднаш простете ми што заради наши обврски во Епархијата не можам да присуствувам меѓу Вас, но Ви ги пренесувам нашите поздрави и Ви го честитаме патрон празникот, за многаја лета!

Овогодишен кум за црковната слава беше Љубица Пахлина, а за следната година се јави Стојанка Тежак.

По Богослужбата, дружењето продолжи на трпезата на љубовта.

Стојанка Тежак

## ЛИТУРГИЈА ВО ЧЕСТ НА ПРЕСВЕТЛА БОГОРОДИЦА МАРИЈА

Во Риека на 20 септември годинава во црквата "Св. Фабијан и Себастијан" протојереј Кирко Велински одржа света литургија за верниците на црковната



општина "Св. цар Константин и царица Елена", која ја следеа многу верници на православната вера.

Притоа отец Велински рече: "Пресветла Богородица е родена во Назарет. Нејзините родители Ана и Јоаким, беа од племенит род. Нивниот живот се одликувал со морална чистота и побожност. Татко и бил од родот Давидови, а мајка и од родот Аронови. Долго време немале деца. Постојано му се молеле на Господ да ги израдува барем со едно дете. Во нивната исповед до Господ, многупати Ана повторувала: "Боже мој, зошто сум толку жестоко казнета? Зошто толку доживувам прекори од народот? Ти знаеш за мојата невиност. Сочувај ме барем во староста и израдувај ја мојата душа." Во еден момент ангелот господов и се јавил на Ана и и рекол: "Ти ќе родиш преблагословена ќерка и ќе и дадеш име Марија."

И навистина, Ана и Јоаким следната година ја добиле ќерката Марија, која Господ ја избрал да биде мајка на Исус Христос, синот од господ Бог. На тригодишна возраст, Марије е однесена во Ерузалим, каде растела до единаесеттата година, по што се вратила во родниот град и од својот архангел Гаврил ја слушнала веста дека како "благословена меѓу жените" ќе го роди синот Божји, Исус Христос."

Проповедта на литургијата на протојереј Кирко со интерес беше ислушана од верниците, со поука дека во човечката чистота мора да ни биде присутна и молбата и понизноста кон Бога, но и праведно да ги почитуваме своите ближни и соседите. Празникот црквата го вброи во редот на големите празници, затоа што со овој ден започнува спасението и обновувањето на човечкиот род.

По одржаната литургија верниците се упатија во просториите на МКД "Илинден", каде се одржа заедничка молитва на верниците со свештеникот.

В. Н.

# Во пресрет на Божик
# ЗА ПРАВОСЛАВНИОТ ХРИСТИЈАНСКИ ЖИВОТ

После преображението, кога апостолите не можеа да го исцелат бесомачното момче, Христос Господ им рече: "Овој род се истерува со пост и молитва." Всушност, во ова се состои основата на православниот духовен живот, на православната теологија. Без постот и молитвата, кои се само основа и помош, но не и цел сама за себе, нема здрав православен живот. Светата Црква не е само теорија, но е теорија и пракса. Ако го одземеме постот и молитвата, тогаш нашата вера ќе се претвори во празна идеологија, религиозно размислување и се друго само православна вера не. Постот е и првата заповед на прародителите во рајот. Светиот пророк и боговидец Мојсеј пред примањето на десетте заповеди 40 дена и 40 ноќи постеше. Светиот пророк Илија со пост се удостои да ја види славата Божја. Ниневитјаните со пост се ослободија од гневот Божји. Светиот претеча и Крстител Христов Јован, живееше во строг пост. Пред да излезе на проповед и Христос Господ постеше 40 дена и 40 ноќи во пустињата. Во беседата на горaта Господ ги научи апостолите, велејќи им: кога постите не бидете жалосни како лицемерите (Мт. 6,16). Уште во апостолскиот период сите кои се крштевале постеле, но без строго определено правило. Дури во ИВ век се сретнуваат правила за пост во среда и петок – заради предавството и распнувањето Христово, како и во четирите големи пости како подготовка за некој голем настан.

Но, не треба да постиме само со храна, туку со целото тело и душа. Иако мнозумина мислат дека постот е само откажување од извесни прехрамбени продукти, сепак најважно е да ги научиме сите сетила на воздржување. Постот треба да ни стане стил на живеење. Духовниот пост никогаш не престанува. Имаме извесно попуштање во исхраната, но ако во пост не треба да пцуеме, не значи дека после постот треба тоа да го правиме. Токму за ова и нé подготвуваат посните денови. Кога се воздржуваме од некој вид храна, ни се развива расудувањето дека има работи кои не можеме секојдневно да ги примаме. На тој начин, со Божја помош стануваме способни да се откажеме од нашите слабости и страсти кои ни ја рануваат душата.

Исто така, човекот кој пости знае да ја цени храната и да му благодари на Бога за неа. На пример, оние кои го постат Божикниот или Велигденскиот пост, на Велигден се радуваат и на едно варено јајце, додека оние кои не постат не знаат така да се радуваат и да му благодарат на Бога за храната која ни ја дава. Но, постот не смее да ни стане товар или причина за болест. Ова обично им се случува на оние кои своеволно почнуваат да постат, без да се консултираат со својот парохиски свештеник, кој е способен, но и од Бога овластен, да го учи и раководи народот во духовниот живот. Секој не може исто да пости. Еден млад човек, дете и старец имаат различни потреби, па според тоа и различен пост кој треба свештеникот да им го одреди. Постот без молитвата не оди. Треба да се научиме како да се молиме, односно да разговараме со Бога. Тоа е едно меѓусебно отворање и општење на човекот со Бога. Барајте и ќе добиете, но барајте го најнапред Царството Божјо и се друго ќе ви се придаде – вели Господ, што значи дека треба да се молиме Господ да нé помилува и да ни прости, а сé друго што ни е потребно Бог ќе ни го даде.

Најважно е да веруваме во силата на молитвата, со смирение, кротост и трпение да го молиме и славиме Бога и да им простуваме на оние кои ни згрешиле. Зашто ако не простуваме, ни Бог нам нема да ни прости. А за да добиеме прошка на гревовите, потребно е да доаѓаме редовно на исповед пред својот парохиски свештеник, бидејќи ним Бог им дал власт да простуваат гревови. Исповедта и покајанието се наречени и второ крштевање, зашто после ова се очекува нов почеток во нашиот живот, живот за Бога, односно за единство со Бога преку светата причест која е исполнување и смисла на постот, молитвата и исповедта. Светата Причест, односно Светата Литургија, каде единствено можеме да се соединиме со телото и крвта Христови, е центар во православниот духовен живот. Без ова нема духовно растење и живеење според зборовите Господови: "Кој го јаде Моето тело и ја пие од Мојата крв, ќе биде во Мене и Јас во него" (Јн. 6,56). Значи да се подготвуваме со голема љубов и ревност, за што подостојно да се соединуваме со Господа, без кого животот ни станува бесцелен и бесмислен.

Благослов Господов на сите кои вака се трудат. Амин!

Кирко Велински

# ЗА МАНАСТИРОТ “СВ. ЈОВАН БИГОРСКИ”

***“... Јас првпат дојдов пред портите на рајот и рајот во тебе го видов...”***
***– Тодор Чаловски***



*Бигорскиот манастир пред ...*



*... и по катастрофалниот пожар*

Ако постои некое идилично и благословено место каде е запрено времето и каде секој добронамерник со радост ќе намине да и се посвети на духовноста и да го најде својот внатрешен мир, да се помоли за здравје и благосостојба, тоа е манастирот “Св. Јован Бигорски”. Еден од највеличествените манастири во Македонија, сместен во мистичниот кањон на реката Радика на падините на планината Бистра, во густо испреплетените шуми и бигоровите карпи, близу до Дебарското Езеро и селата Ростуше, Битуше, Велебрдо и Требиште, со незаборавен поглед кој се простира сè до Кораб. Манастир со долга црковна традиција, на чии темели почива уште од далечната 1020 година, благодарејќи на монахот Јован, кој ја открил чудотворната моќ на Св. Јован Крстител и одлучил да му го посвети овој земен рај.

Бигорскиот манастир тешко страдаше во пожарот кој избувна рано наутро на 30 септември 2009 година. Пламените јазици на огнот до темел уништија голем дел од комплексот кој беше создаван со столетија. Исчезнаа “Горниот палат” со чардаците, стариот дрвен конак, во кој беа сместени двете трпезариски и гостинската просторија, галеријата, кујната, монашките одаи и библиотеката со обемен книжевен материјал и богата архива. За миг го снема стожерот на просветителската дејност каде се школувале голем број свештеници, калуѓери и учители кои ја ширеле просветната дејност по сите краишта на Македонија.

Огнената стихија пронесе тага и неверување кај сите. Македонија загуби значаен дел од своето културно и историско наследство. За среќа немаше повредени, а монасите успеаја да спасат многу вредни книги и икони, и извонредното уметничко копаничарско ремек-дело, дрвениот иконостас изработен во резба од мајсторските раце на тајфата на Петре Филипов – Гарката од селото Гари. Црквата од пожарот е спасена во целост. Но штетата е голема и се проценува на повеќе од пет и пол милиони евра.

По несреќата што го снајде, во Бигорскиот манастир денес се собираат верници во уште поголем број. Сите на свој начин придонесуваат да се обнови ова светилиште за еден ден повторно да го добие својот прекрасен, автентичен лик. Во реконструкцијата се вклучени и врвни експерти од областа на градежништвото и архитектурата, а помош се нуди од сите страни. Човечноста, со божјата волја е голема и се огледува во катастрофите кои не сплотуваат и ни даваат сила заедно да издржиме и да ги надминеме.

Сите Вие што сакате да се вклучите во обновувањето на манастирот “Св. Јован Бигорски” и да се вложите себеси како жив камен во живата црква, можете да донирате на следната **жиро-сметка: 2360000 – 1101569965, Загребачка банка; МПЦО “Св. Злата Мегленска”, Масарикова 16/1, Загреб; со назнака: ЗА ОБНОВА НА БИГОРСКИОТ МАНАСТИР**; или лично кај благајниците на Црковните општини, друштвата и останатите асоцијации. Сите средства собрани до крајот на јануари 2010 година, треба да се предадат во канцеларијата на МПЦО “Св. Злата Мегленска” и заедно со пристигнатите на жиро-сметката, со име и презиме на сите дарители ќе бидат предадени на игуменот на манастирското братство при “Св. Јован Бигорски”.

Е. П.

# 3:0 ЗА НАШИТЕ

***Во популарната ТВ емисија „У истом лонцу“ победија оригиналните рецепти од Македонија***




*Нашите уште еднаш покажаа дека се најдобри*

Популарната емисија на ХТВ “У истом лонцу” според анкетите е една од најгледаните телевизиски проекти. Токму во неа, на 26 септември годинава се натпреваруваше македонска кулинарска екипа при Заедницата на Македонците во РХ, која ја сочинуваа Марија Чинчурак и Марија Грбавица, членки на МКД “Браќа Миладиновци” од Осиек и Фросина Мавсар, членка на МКД “Македонија” од Сплит. Најнапред ги воодушевија сите во студиото на Присавље и пред малите екрани со својот настап, елоквентност и сценскиот приказ, но и со подароците што ги донесоа, како македонска мастика, ракија од млади ореви, тулумби, баклава, ајвар, пинџур...

Противници им беа загорците Славек и Томек, а задачата – ТУРЛИ ТАВА и предјадење од полнети пиперки. Јадењата ги оценуваше жири во состав: Јосип Тадиќ, Душко Модриќ (популарниот Роко од рекламите на еден мобилен оператер) и Златко Гал.

И под светлата на рефлекторите и загреаните рерни и шпорети повеќе од половина час се одржуваше кулинарското натпреварување. Вешти раце и од едната и од другата страна. По некоја досетка на водителот Фодор, но и претставување на македонските културни друштва кои дејствуваат во Р. Хрватска. Во публиката, облечени во македонски народни носии, членките на пејачката група “Моми бисерни” при МКД “Охридски бисер” со македонска песна ги бодреа натпреварувачите.

Студиото замириса на најубави мириси. Арно ама, кога жирито ги проба јадењата и на едната и на другата екипа, гласаше едногласно: сите 3 бода им ги додели на нашите Македонки. Славек и Томек воопшто не се противеа, туку само рекоа дека македонската кујна секогаш била и ќе остане една од најдобрите на овие наши простори.

Со честитките за победата на македонските претставнички во емисијата “У истом лонцу“ препорачуваме да ги испробате нивните рецепти.

М. А. Вујаклија



*Поддршка од членките на “Охридски бисер”*

**RECEPT ZA TURLI TAVU**

POTREBNO JE:
2 kg. janjećeg ili telećeg mesa od buta
4 srednja patlidžana
6 mesnatih paprika
2 ljute paprike
2 kg. paradajza
30 dkg. bamije
3 glavice luka
1 glavica češnjaka
dosta peršinovog lista
ulje (može pola suncokretovog pola maslinovog)
sol

PRIPREMA: Meso isjeći na manje komade, posoliti, pa ga na mješavini ulja lagano prepeći. Zaliti vodom ili juhom i lagano dinstati. Paradajz pofuriti vrelom vodom, pa ga oguliti od kožice i isjeći na sitnije komade. Papriku očistiti od sjemena i lagano na malo ulja peći. Kada se ispeče oguliti je i također je isjeći na komade. Isto tako i ljutu papriku. Patlidžan oguliti, pa isjeći na komade prst debelo te i njih na malo ulja prepeći i isjeckati na komade. Bamiju također malo prepeći. Crveni luk izrezati na tanke rezance i dinstati lagano na ulju da postane staklast. Njemu dodati prvo paradajz i dinstati dok se paradajz ne ukuha. Tome dodati pečenu papriku, patlidžan i bamiju. Posoliti. Ako je paradajz kiseliji može se dodati i malo šećera. Zatim dodati 2 češnja isjeckanog bijelog luka i peršinovog lista pa još malo prodinstati.

U zemljanu posudu staviti izdinstano povrće i na njega izdinstano meso. Posuti još sa sjeckanim bijelim lukom i peršinom. Zaliti sa saftom u kojem se dinstalo meso te staviti u pećnicu da lagano krčka. Izvaditi kada meso i povrće dobije lijepu boju, cca. 30 min. na 200°.

**PEČENE BABURE PUNJENE SIROM**

POTREBNO JE:
6 mesnatih paprika
oko 1/2 kg. ovčjeg slanog sira (ili sir Grabancijaš – koji je pikantnog slanog okusa iako je kravlji)

PRIPREMA: Paprici do pola nožem zarezati poklopac, pa lagano izvaditi sjeme. Napuniti je sirom i poklopcem zatvoriti. Na malo ulja papriku lagano peći. Kada porumeni može se oguliti. Posuti je obilato sjeckanim bijelim lukom i peršinovim listom.

# СО ПЕСНА ЗА 40 ГОДИНИ КАРИЕРА

**Загреб**: На 12 октомври 2009 година во студиото "Антон Марти" на ХРТ на Присавље (поради невозможноста на одржување на концертот во "Лисински"), Љупка Димитровска Калоѓера одржа свечен концерт по повод јубилејните 40 години успешна музичка кариера. Концертот насловен *"Теби пјевам"* беше носталгичен потсетник на златните времиња на забавната поп музика.

Во придружба на Ревискиот оркестар на ХРТ под палката на маестро Стипица Калоѓера, Љупка изведе некои од своите најпопуларни песни и хитови кои ги компонираше нејзиниот починат сопруг д-р Никица Калоѓера, а со кои е препознатлива како кај нас така и во светот. Со видлива доза на трема и возбуденост, но со голема нежност и емотивност во гласот, таа ги отпеја *Чибу чиба, Године нису важне, Ѕвона ѕвонат, Љубљански ѕвон, Успомене уз гитару, Обеќање, Та твоја барка мала* и уште многу други, соло или во дует со гостите Миро Унгар, Мила Елеговиќ, Мирко Цетински, Бланка Ткалчиќ Бреглец, Роналд Браус, групата Краљеви улице и хорот Љечника пјевача измамувајќи громогласен аплауз од воодушевената загрепска публика. Со овој свој јубилеен свечен концерт Љупка Димитровска уште еднаш докажа дека годините во прегратките на уметноста навистина не се важни и дека вредните дела остануваат со истата вредност за вечност.



*Љупка Димитровска*

Е. П.




## ЦЕНОВНИК ЗА ОБЈАВЕНИ РЕКЛАМИ ВО "МАКЕДОНСКИ ГЛАС"

Страниците на нашето списание "Македонски глас" отворени се и за Вашите реклами. Доколку сакате Вие и Вашата фирма да се рекламирате на нашите страници, доволно е само да се јавите на телефонот на Заедницата на Македонците во Р. Хрватска или испратите понуда на нејзината адреса, а ние од Уредништвото веднаш ќе ги исполниме Вашите желби. Ценовникот за користење-то на рекламниот простор е:

| ФОРМАТ | ЦРНО-БЕЛО | КОЛОР |
|---|---|---|
| 1/1 А4 | 600 куни | 900 куни |
| 1/2 А4 | 450 куни | 600 куни |
| 1/3 А4 | 300 куни | 450 куни |
| 1/4 А4 | 225 куни | 300 куни |
| 1/8 А4 | 150 куни | 225 куни |

Во очекување на нашите взаемни контакти,
Ваш "Македонски глас"

## ПРЕТПЛАТА НА "МАКЕДОНСКИ ГЛАС"

Драги наши читатели,

Доколку Вие, кои редовно го читате нашето списание, сакате да станете негов претплатник и тоа редовно да пристига на Вашата адреса, Ви нудиме можност да го сторите тоа. Доволно е со писмо да се обратите на адресата на Заедницата на Македонците во Р. Хрватска, Масарикова 16/1, 10000 Загреб, во кое ќе ја приложите потврдата за Вашата платена претплата (жиро сметката на Заедницата е: 2340009-1100038804, матичниот број: 3805760, и личниот идентификациски број (OIB): 07739533563) и читко да го напишете Вашето име и адресата на која сакате да Ви пристига секој нов број на Македонски глас.

Претплатата на Македонски глас за Хрватска, со платена поштарина (за 6 броја), изнесува 60 куни годишно, додека пак за странство, 120 куни годишно или 17 евра.

Со надеж дека наскоро ќе ни се јавите,
искрени поздрави од
Уредништвото

# БАРД И ВОИН

**Пишува: Огнен Бојаџиски**



*Коле Чашуле*

И раѓањето и смртта се ненадејни, и вечни! Ете замина на Вечниот Исток уште еден несекојдневен, мирен и стамен човек; замина творец што од зборовите правеше леб, леб наш насушен македонски во секој поглед. Замина бунтовникот од прилепската гимназија, револуционерот од македонскиот Октоври 1941, скопскиот гемиџија што пукаше во срцевината на бугарскиот фашизам, поетот на скопските окупаторски зандани и песнопоецот на македонската слобода.

Замина, тука зад аголот на животот, скромниот и достоинствен Коле Кепе-Чашуле, творецот што ни го разубавуваше животот со своите творби и дела на мајчиниот македонски јазик. Беше горд што Постои и Твори, што трча и тагува низ родната Пелагонија, што другарува низ своите дела со минатото, сегашноста и иднината, што е и не е "Вејка на ветерот", што е дете на македонските "Црнила" и разговара со Мирослав Крлежа, што ги прелетал океаните и разбрал дека на секаде живее по еден Итар Пејо.

Медиумскиот стандард во одбележувањето на човековата смрт е груб, понижувачки и сè уште оптоварен со конвенционалност и стереотипија. Вест е дека некој починал(?), а всушност заминал во Вечноста, од каде што и дошол!

Ми се мати кога ќе слушнам: умрел, тој и тој! Некој можеби и умрел, но Коле Кепе-Чашуле никогаш, додека постои тој македонски и литературен свет нема да биде мртов! Тој секогаш ќе живее, зошто Творецот не умира, тој заминува на вечна почивка!

Како може да умре Творецот што живееше и мислеше за Македонија? Како може да умре Бардот на македонскиот пишуван збор, еден од неговите татковци и креатори, оној што ги преживеа, избори и надживеа и Комисиите за јазикот, и првиот Правопис и првата Граматика и се првично, додека и самиот не стана мит и легенда. Творецот што беше и господин, и другар и пријател и Ваша Екселенција и што ти не, не умира.

Премногу богат, борбен, творен и прегорен живот имал Коле Чашуле. Токму онаков каков што е содржан во неговите над 9000 страници творештво на јазикот со кој пееше Кочо Рацин, а во Везилка и Стерна мудруваше Блаже Конески.

И да не сакам ќе бидам личен: прв пат го запознав како гимназијалец и другар на неговиот син Слободан, а потоа се сретнавме неколку пати во Загреб кога доаѓаше на "загрепските книжевни разговори" и другаруваше со Крлежа. Знаеше да сослушува, ги мереше и вагаше зборовите, не инсистираше на елитизам и ексклузивизам, суверено и гордо чекореше во животот бидејќи Човекот и само Човекот за него беа мерка на Животот. Последен пат, имав голема среќа, се друживме неколку часа по повод неговите сеќавања за М. Крлежа и неговиот однос кон Македонија што е прикажан во мојата книга "Крлежа и Македонија" во април 2004.

Беше расположен и имаше зошто: ги обнови сеќавањата за една негова неизмерна благодет за Македонија и нејзиното севкупно творештво по 1960! И незнаејќи и без некој план го рушеше соцреализмот и отвораше нови хоризонти. Тој разговор не го забележаа македонските медиуми, за нивна жал. Она што Коле го зборуваше, тоа е, добар и голем дел од современата македонска историја: како да се биде свој, како да се твори плурално и естетски одговорно, како да се мисли на својот мајчин јазик и да се плива во реките и морињата на светот!

Без претерувања и не знам какви убедувања, македонската култура и пред сè литература без придонесот на Коле Кепе-Чашуле едноставно е незамислива.

Беше ли случајност или неминовност, со веста дека го нема го запознав академикот М. Могуш токму оној ден кога ме прими за да го договориме учеството на ХАЗУ во одбележувањето на 70-годишнината од излегувањето на Рациновите "Бели Мугри" во Самобор за ноември о.г.

И пак помислувам и заклучувам: Бардот на македонскиот збор Коле Чашуле живее меѓу нас и со нас додека трае и простуми и неговата и мојата Македонија, Воинот Коле Кепе-Чашуле уште жив стана пример не само како се војува, туку и како се простуми, па токму затоа сега Бардот и Воинот светлат и ни го покажуваат Патот.

Тоа е онаа Светлина што низ вавилонското Око допре до Амон Ра, а потоа ја презеде Мојсие и Иван Крстител и преку Кирил и Методиј, Климент и Наум засветли засекогаш во Македонија.

Можеби Коле не знаеше за тоа, можеби ни не наслутуваше дека оди по тој пат, но неговите стапки и чекори, неговите Творби еманираа таква Светлина и тоа беше неговата судбина.

Благородна и возвеличана. Вечна.





# МАТКА

Околината на урбанизираното Скопје е нешто што треба да се види и доживее. Таков е и локалитетот Матка. Зошто да се посети Матка? За да дишеме полесно. Оставете ги маките настрана. Наполнете ја душата со свеж воздух. Гледајте ги облаците на небото. Забавувајте се со вашите на убава природа и свеж воздух. Слушајте ја песната на дивите птици во сончевиот ден. Успокојте се со шумолењето на ветерот во дрвата. Вкусете ја традиционалната македонска храна.

Допрете го специфичниот живот на дивите цвеќиња... Посведочете ја мистиката на метаморфозата на многу различни видови пеперутки. Почувствувајте го пулсот на мајката Земја. Пружете ги рацете врз камењата што датираат од преку милиони години. Ослушнете ја тишината на десетте пештери во должина од 20 до 176 метри; врутоците “Убава“ и “Крштелна“. Меѓу сите нив, за најубави се сметаат кањоните со висина од 35 метри.

Сепак, за најзначајни се сметаат фреските во црквата Св.Андреа, изградена од принцот Андреа, синот на кралот Волкашин, како и мирот на калуѓерите што излегува од ѕидините на манастирот и црквата Св. Богородица. Откријте ги прастарите времиња преку црквата Св. Недела и земете воздух гледајќи го езерото од црквата Св. Никола Шишевски.

Покрај сево ова, можете да уживате и во планинарењето и алпинизмот.

Доживејте ги возбудувањата со кајак на реката Треска, при што можете да го почувствувате ветерот во вашата коса на велосипедските патеки. Воедно, можете да кампирате во недопрената природа, каде можат да се допрат ѕвездите.

М. А. В.









idea+




Uživajte u vinu umjereno

www.tikves.com.mk